Co-funded by
the European Union

# Модул 3
# ГРАД ЗА СИТЕ

CITIES FOR THE FUTURE

Co-funded by
the European Union

# 03 ГРАД ЗА СИТЕ

3.1 Низ градот
3.2 Разиграна потрага во заедницата
3.3 Раскажи ми приказна
3.4 Мрежа на пријателство
3.5 Денови на љубезни писма
3.6 Трка на гатанки
3.7 Земи го дрвото
3.8 Мојот град
3.9 Ајде да го откриеме градот
3.10 Инклузија и движењето
3.11 Движи се низ градот
3.12 Приказната на моето име
3.13 Лични херои
3.14 Направи чекор напред
3.15 Игра со слики
3.16 Зоолошка градина
3.17 Шарен свет
3.18 Мојот град
3.19 Идеален град
3.20 Уметничка галерија на отворено
3.21 Училиштето од мојата замисла
3.23 Градот од мојата замисла
3.23 Креативни градители на заедницата: дизајнирање на нашиот идеален јавен простор
3.24 Работилница за истражување на урбана природа и креирање места
3.25 Работилница за виртуелно истражување на урбаната природа и креирање места
3.26 Креирајте го вашиот град

## TUDEC Website

http://www.citiesforthefuture.eu/

CC BY SA

Project n° 2022-1-IT02-KA220-SCH-000087127

Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија. Меѓутоа, искажаните мислења и ставови припаѓаат исклучително на авторот/авторите и тие не ги отсликуваат оние на Европската Унија или на Извршната агенција за европско образование и култура (EACEA). Европската Унија и EACEA немаат одговорност за тоа.

Co-funded by
the European Union



# 3.1 Низ градот

1. **Вид активност:** Внатре и надвор од училницата

2. **Тема:** Врска со заедницата

3. **Образовни цели:**

- Доловување колективно чувство на припадност
- Споделување заеднички културни карактеристики
- Споделување социјални вредности со другите
- Откривање идентитети

4. **Целна група:** Ученици од 6 до 10 години

5. **Потребни материјали** Големо парче обична хартија, шарени маркери или боички

6. **Времетраење:** 4-5 часа (доколку е потребно, да се подели на два дена)

**7. Главни активности:**

*Вовед*

Оваа активност има за цел да им овозможи на децата да го откријат значењето на заедницата, како и чувство за припадност кон градот во кој живеат.

Пред да започне активноста, воспитувачот објаснува дека дефиницијата и значењето на терминот заедница имаат различно значење за различни луѓе. Многумина може да ја дефинираат заедницата како физички граници на град или поштенски број, но без разлика дали живеете во урбана, рурална или приградска област, заедницата значи многу повеќе од близината до другите или линиите на картата. Значењето на овој термин често вклучува колективно чувство на припадност во област која споделува заеднички културни карактеристики, општествени вредности, идентитет, дружење со другите и ресурси кои ги поддржуваат потребите на нејзините жители.

*Имплементација*

Нацртајте квадрати, триаголници и искривени линии. Воспитувачот може да ги подели децата во групи (во зависност од бројот); по 4-5 деца во секоја група. Ја собира секоја група околу маса со големо парче обична хартија, разнобојни маркери или боички и креативни духови. Децата цртаат еден квадрат (можете да го разубавите и да додадете триаголен покрив ако сакате) и ова ќе претставува некоја локација која може да го претставува нивното семејство или нивните пријатели како составен дел од нивната заедница (можеби тоа е противпожарната станица, библиотеката, или омилената продавница за сладолед!)Децата го бојат квадратот (и триаголникот) и ја означуваат локацијата.

Воспитувачот ги прашува децата зошто таа локација им е важна во нивната заедница (безбедност, учење, поврзување со другите...) Воспитувачот треба да се вклучи во дискусијата во групата/те и да ги разгледа сите предлози што доаѓаат од секој член на групата.

Потоа, децата додаваат повеќе квадрати и триаголници (во вид на едноставни згради) на хартијата и идентификуваат најмалку 5-10 различни локации за да ги илустрираат значајните места во вашата заедница.

Co-funded by
the European Union




Пример како цртежот би можел да изгледа

Како втор чекор, воспитувачот планира тура низ местата (или низ некои од нив) кои децата ги наведоа во цртежот. Едукаторот иницира можности за поврзување со другите според динамика која е во согласност со траењето на часот.

Едукаторот планира посета на една од локациите, кои децата ги идентификуваа и ги нацртаа во нивната „Мапа на заедницата“. Едукаторот се јавува однапред и договара термин за посета кога локацијата е помалку фреквентна за да има повеќе време за истражување и децата да можат да се поврзат со „помагачите“ на заедницата кои таму работат. Потоа локацијата ја штиклираат, или ставаат ѕвездичка веднаш до неа на „Мапата на класот“ (или ја означуваат со мала лепенка) откако ќе ја посетат, при што се стекнуваат со чувство на достигнување и свесност за заедницата.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Откако децата ќе ја завршат активноста внатре во училницата, а потоа надвор, по завршувањето на обиколката, се враќаат на училиште. Воспитувачот ги сумира направената активност и посетените места. Потоа поставува прашања за да ги вклучи децата во конечното искажување на резултатите.

Некои можни прашања:

• Што најмногу ви се допадна?

• Што ве импресионира?

• Дали видовте нешто поразлично од она што го замислувавте?

• Дали нешто се променило од последниот пат кога бевте таму?

По обиколката, на едукаторот може да му дојдат на ум и други прашања.

Поврзувањето со другите во вашата заедница гради чувство на припадност и поврзаност, што е важно за здрав социјално-емоционален раст на децата и адолесцентите на различни возрасти и фази на развој.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Воспитувачот треба да ги земе предвид првично наведените цели, а потоа согласно добиените одговори на горенаведените прашања да утврди дали и како учениците ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување и на стекнатите знаења за главниот проект, едукаторите треба да извлечат заклучоци за тоа колку добро учениците го разбрале и го доловиле концептот на чувството за припадност во заедница и чувството за споделување во неа.

**10. Инспирација**: идеја преземена од фејсбук-групата „Passione Primaria“

Co-funded by
the European Union

# 3.2 Разиграна потрага во заедницата

1. **Вид активност:** Активност надвор од училницата

2. **Тема:** Запознавање на околината, споделување со другите

3. **Образовни цели:**

- Откривање
- Поврзување и споделување со другите
- Развивање вештина за интуиција
- Развивање вештина за логичко размислување

4. **Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

5. **Потребни материјали:** Прибор за пишување, листови

6. **Времетраење:** Околу 2 часа

7. **Главни активности:**

Оваа активност ги нагласува важноста на тимската работа и заедништвото. Низ низа на заемно поврзани активности, учениците ќе го зајакнат чувството за љубопитност и желбата за откривање. Активноста започнува во училница кога едукаторот им кажува на децата да направат список на интересни или вообичаени нешта кои можат да ги најдат близу училиштето, домот или кога одат на прошетка, или кога се возат во автомобил со родителите, или кога се возат со автобус. Учениците можат да го украсуваат списокот со цртежи или други украси и кога едукаторот смета дека децата во списокот за играта *Потрага* навеле доволен број нешта, сите заедно излегуваат од училницата и одат на обиколка во населбата или во градот.Децата сите заедно ги бараат нештата како тим или додајте натпреварувачки дух во играта и вклучете уште еден тим деца (или семејства) во возбудливата трка на заедницата во прошетката *Барај и пронајди*. Пред да започнете со играта, размислете во врска со неколку идеи. Како прво, едукаторот треба да појасни на која локација играта ќе се игра. Тоа би можело да биде во некој помал или поголем двор, плоштад или населба во градот. Исто така, треба да се утврди колку учесници ќе се вклучат во играта. Ако групата брои повеќе од 8 деца, тогаш поделете ги децата во тимови. На овој начин ќе можете да ги вклучите сите подеднакво да дадат придонес во извршувањето на задачите и ќе избегнете еден член да доминира и сам да ги извршува задачите. Сите треба подеднакво да се забавуваат во играта – потрага.Воспитувачот, исто така, треба однапред да размисли за која маршрутата ќе ја избере и за тоа колку време има на располагање. Во зависност од времето и колкав ќе биде просторот за играта *Потрага по богатство*, маршрутите помеѓу поединечните задачи може да се направат малку подолги или да се изберат пократки правци.

Пред да ја одредите маршрутата, размислете дека со помалите деца маршрутата треба да поминува низ помирни области кои не се премногу фреквентни. Треба да се избегнуваат прометните улици.

Исто така, распрашајте се дали во градот тој ден има некаков настан за да ја пронајдете вистинската маршрута и да избегнете метежи.

Воспитувачот одредува соодветна почетна точка и дестинација, може дури и парк, отворено место во кое ќе се организира играта. Како што споменавме погоре, урбаните места се исто така опција. Всушност, ако има некаков настан во градот, може и тој да се вклучи и во потрагата по богатство, на пример како крајна точка на маршрутата.

Подготовка: Загатки.

Нивото на тежина на задачите може да варира во зависност од возраста на учесниците. Додајте една или две полесни задачи за да ја мотивирате групата со чувство на достигнување.

Доколку сте избрале подолга маршрута, потребно ќе биде да смислите повеќе задачи за рутата, но имајте на ум дека колку што се потешки задачите во играта *Потрага по богатство*, толку подолго време ќе биде потребно тие да се завршат.

Размислете за воведување различни видови задачи. Можеби, во одреден дел ќе сакате учесниците да решаваат математички проблем за да дојдат до следната загатка. Историски прашања, сложувалки и групни задачи се исто така опција. Бидете имагинативни, единствената важна работа е задачите да се разновидни.

*Идеи за играта Потрга по богатство во градот:*

– Знаење: Утврдете која од двете згради е постара.

– Набљудување: Идентификувајте стар план на зграда која повеќе не постои.

– Креативност: Компонирајте и испејте химна на градот.

– Логика: Поврзете две статуи на фасада од црква со кратка логичка загатка.

*Избор на тема за играта Потрга по богатство во градот:*

- Учесниците може да добиваат дополнителни поени ако во играта внесете одредена тема како заедничка нишка.

- Инспирација – идеи за задачи во играта Потрага по богатство во градот:

Учесниците разрешуваат фиктивен криминален случај.

- Историска потрага по богатство: познат историски лик од градот може да биде фокусна точка.

Урбана авантура на таен агент: Учесниците земаат улога на таен агент – поздрав од Џемјс Бонд!

- Пиратска потрага по богатство: Легендарен пиратски лик скрил огромно богатство некаде во градот – и учесниците треба да го пронајдат!

**9. Завршни активности – донесување заклучок:**

Оваа активност става акцент на важноста на тимската работа, за тоа како секој добива задача и ако тимот не функционира играта не може да се заврши. Тимската работа има голема улога кога сите заедно одиме во потрага по нешто. Тоа е игра која ги зближува луѓето. Секој има свој удел во неа.

Со оглед на тоа што играта е многу разновидна, едноставната игра *Потрага по богатство* може да се комбинира со повеќе вештини: квизови, интелигенција, познавање на територија, историја, географија, градби, познавање на природата, трчање, предизвици, обиди од секакви видови. Децата прават обиди не само во една дисциплина, како што е случај во повеќето игри, туку во повеќе.

Во сржта на играта е желбата да се пронајде богатството, што го рефлектира чувството на потрага кое постои кај секој од нас. Децата доживуваат чувство за откривање, чувство за потрага, желба да се разбере нешто. Тоа е игра која нè учи како да ја постигнеме целта, да дојдеме до финалната точка, да ја постигнеме целта. На крајот на активноста, едукаторот го резимира направеното прашувајќи ги децата да ги искажат своите ставови за искуството што го имале, за нивното учество.

## 10. Рефлексија, преглед на целите:

Воспитувачот се навраќа на утврдените цели пред почетокот на активноста; ги анализира реализираните активности на секој член од групата и утврдува дали целите се постигнати според планираното или дали има некакви пропусти.

Врз основа на резултатите од оваа анализа, воспитувачот треба да извлече заклучоци за капацитетот на децата да споделуваат со другите, но и да применуваат логичко размислување и интуиција.

## 11. Инспирација:

*myCityHunt – La Caccia al Tesoro per il tuo Smartphone. Caccia al tesoro in città.*

Co-funded by
the European Union



# 3.3 Раскажи ми приказна

**1. Вид активност:** Активност во затворен простор.

**2. Тема:** Раскажување приказни, креативност и соработка. Активност за создавање приказни на колаборативен начин. Активноста става акцент на споделување идеи, концепти и на поттикнување на креативноста во заедништво со врсниците.

**3. Образовни цели:**

- поттикнување на соработката,
- поттикнување на работата во група,
- развивање на фантазијата,
- развивање на вештините за раскажување,
- подобрување на мануелните вештини.

**4. Целна група:** ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

Испечатен шаблон на коцка на листови А4 (1 лист за 4 деца)

– ножици,

– лепило (по можност стик),

– боички или моливи.

На секоја од страните на коцката пишува: „протагонист “, „антагонист “, „животна средина“ и „помошници“.

**6. Времетраење:** Околу 1 час и половина

**7. Главни активности:**

Оваа активност има за цел да ја поттикне соработката во група и да ја истакне важноста на тимската работа и заедништвото. Низ серија заеднички активности, децата можат да го поттикнат своето чувство на љубопитност и желбата за откривање.

Најпрво, децата ги делиме во групи и на секоја група ѝ даваме лист со отпечатокот од коцка, ножици, лепило и боички. На секоја група ќе ѝ биде доделена тема: сцена, лик, дејство. Што значи ова? На пример: групата на која ѝ е доделена темата „сцена“ ќе треба да напише 6 места, по едно на секоја страна од коцката (на пр., шума, училиште, простор, кујна, улица, градина). Другите групи ќе го сторат истото во однос на ликовите (на пр., дете, принцеза, ловец, магаре, жаба) и дејства (на пр., скокање, играње, танцување, учење, јадење, сонување). Ако некои групи се побрзи од другите, можеме да им кажеме да ја украсат коцката со цртежи.

Воспитувачот го појаснува значењето на зборовите напишани на секоја страна од коцките. Децата потоа ги фрлаат коцките и во зависност од страната измислуваат различни приказни. Пример: првото дете ја фрла коцката. Тој/таа ќе треба да ја започне приказната, притоа опишувајќи го главниот јунак (според негова/нејзина замисла). Второто дете ќе мора повторно да ја фрли коцката и според страната да ја продолжи приказната. Сите деца во одделението ќе ги фрлаат коцките и ќе ја продолжат приказната сѐ до последното дете, кое нема да мора да фрла коцка, туку само да го смисли крајот на штотуку создадената приказна.

Пред да се започне со фрлање на коцките за раскажување на приказни потребно е да им се објаснат на децата деловите на приказната. Особено е важно да се стави акцент на ликовите, сцената и на „конфликтната ситуација“, но и да се објасни структурата на приказната: вовед, главен дел и заклучок.

*Откако ќе го исечете шаблонот на коцката, ставете лепило на страничните додатоци и спојте ги страниците за да ја затворите коцката. Кај малите деца ќе има потреба од помош за ова.*

Продолжение на активноста: смислување приказна

Сега е потребно да изберете 3 коцки, по случаен избор, од оние што децата ги изработија. Но, водете сметка да има по една коцка за секоја од категориите (1 коцка со ликови, 1 со сцени, 1 со дејствија). Едукаторот внимателно фрла една коцка на масата, а претходно одбраното дете треба да измисли кратка приказна во која се вклучени елементи од сите три категории, според она што ќе се покаже на коцките. На пример, ако при фрлањето на коцката се добиле зборовите шума, жаба и учи, приказната би можела да биде ваква...

„Си беше еднаш една голема зелена жаба која живееше во барата покрај шумата. Жабата многу сакаше да си игра во водата и обожаваше да брка пеперутки. Еден ден, едно детенце фати една пеперутка и жабата смисли план како да ја спаси пеперутката. Само што детето ја стави стаклената тегла со пеперутката наземи, жабата го отвори капакот од теглата и пеперутката одлета.“

Ако децата се на помала возраст и дотогаш не смислувале приказни, тогаш приказната може да биде и ваква...

Си беше еднаш една жаба која живееше во шумата и која воопшто не сакаше да учи. Мајка ѝ убаво ја искара и така жабата почна да учи.

Така, децата, едно по едно, смислуваат своја приказна со помош на зборовите кои ќе се добија со фрлањето на коцките.

Секој играч по ред станува раскажувач.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Со оваа активност децата ги подобруваат мануелните вештини како што се сечење, моделирање и лепење; тие ги утврдуваат поимите сцена, лик и конфликт; учат да работат во групи и да соработуваат; ги развиваат својата фантазија и способноста за раскажување приказни.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Воспитувачот се навраќа на целите утврдени на почетокот на активноста; ги анализира активностите што ги реализира секој член на групата и утврдува дали целите се постигнати според планираното и дали се појавиле одредени отстапувања.

Врз основа на резултатите од оваа анализа, воспитувачот треба да извлече заклучоци за капацитетот на децата да споделуваат со другите, но и способноста за логично размислување и интуиција.

**10. Инспирација:**

*‘PAIDEIA; Improvvisiamo una storia con il dado dello storytelling’ https://www.paidea.it/il-dado-dello-storytelling/*

*‘La nave di CLIO’ https://www.navediclo.it/il-dado-racconta-storie/*

# 3.4 Мрежа на пријателство

**1. Вид активност:** Во училница, надвор од училница

**2. Тема:** Поврзување со другите, вмрежување и врски, чувства и емоции

**3. Образовни цели:** Развивање способност за препознавање нечии позитивни квалитети и нивно понудување на другите. Оваа игра често се користи во првите денови на училиште за меѓусебно запознавање на децата.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:** Постер или хартија за завиткување, топче од волна, леплива лента (селотејп), фломастер

**6. Времетраење:** 1 час

**7. Главни активности:**

Оваа игра често се користи во првите денови на училиште кога децата се запознаваат едни со други. Пред сѐ, главната цел на оваа активност е децата да се запознаат, па така секое дете мора да го каже своето име. Откако секој ќе се претстави, ја започнуваме играта: држејќи го крајот на клопчето волница со едната рака, го фрлиме клопчето (притоа го држиме конецот волница цврсто) кон друг играч, изговарајќи го неговото или нејзиното име. Именуваниот играч мора да го сопре клопчето пред себе и да избере ново дете на кое ќе му го стркала клопчето волница. Секое дете го тркала клопчето волница на другарчето без да го испушти крајот на предивото. Играта продолжува на овој начин додека не се создаде мрежа на пријателство формирана од нишка која нѐ поврзува сите заедно.

За поголеми деца: секое дете намотува малку волница околу зглобот на раката, се претставува и кажува по нешто за своите особености или за своето хоби, потоа го фрла клопчето волница на друго другарче, кое исто така намотува волница од клопчето околу рачниот зглоб и зборува за себе. На крај, секој се претставува и сред насмевки и погледи полни љубопитност, моткање на волницата околу раката и нови имиња, се појавува шарена мрежа, односно „мрежа“ на „врски“, каде што секој е подеднакво важен, никој не е исклучен и каде што сите се подготвени да си помагаат еден со друг.

На крајот на играта добиваме мрежа од нишки волница, кои може да се закачат на ѕид за секој да ја види.

*[Учениците се собираат околу лист хартија и еден од нив ја завршува следната реченица „Јас на одделението му нудам...“ наведувајќи еден од неговите/нејзините квалитети и потоа зборот го запишува. Потоа тој/таа залепува мал дел од волницата на крајот на клопчето до напишаниот збор на листот и го тркала клопчето на друго другарче, кое ја продолжува играта.]*

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Во мрежата секој е важен и посебен, а единството е сила;
- Мрежата ги поврзува другарите што не се познаваат;
- Сите се дел од истата мрежа и никој не е изоставен, а ако некој излезе, обврска на сите е да го вратат внатре;
- Ако на другарот му е потребна помош, другите му помагаат да ги надмине тешкотиите;
- Конецот може да се олабави, може премногу да се истегне, може дури и да се скине и, секако, може да се отплетка, на ист начин другарите може да наидат на тешкотии во меѓусебните односи, но тие тешкотии можат да се надминат и другарите можат бидат уште

подобри пријатели од што биле порано.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

Целта на оваа игра е запознавање и воспоставување односи меѓу учесниците. Воспитувачот се навраќа на првично планираните цели. Тој/таа ги разгледува главните постигнати резултати, како активноста се развива и, пред сè, учеството на децата. Тој/таа може да постави неколку прашања за да утврди колку учениците се чувствуваат вклучени, кои се интересните сегменти од играта за нив, што откриле за нивните врсници кои дотогаш не ги познавале, кои се очекувањата за следната активност и што би можеле да променат во неа.



### 10. Инспирација:

Педагошки и дидактички прирачник за подучување на социјалните вештини во основно образование, Pro-SAVE прирачник (agreement JUST/2009/DAP3/AG/1224-30-CE-0386820/00-18 финансиски подржано од програмата Daphne III на Европската Унија)

IL S@NTARELLINO Istituto Comprensivo “Cifarelli-Santarella” – Corato

APEdario – insegnare a leggere e scrivere con i più begli albi illustrati per l’infanzia

Co-funded by
the European Union

# 3.5 Денови на љубезни писма

**1. Вид активност:** Активност во училница и надвор од училницата

**2. Тема:** Креативно размислување, комуникациски вештини, планирање, писмени и уметнички изработки и интеракција со граѓани од соседството, подигање на свеста за хумани вредности – љубезност, граѓанска свест, проактивно граѓанство.

**3. Образовни цели:**

- развивање и зајакнување на духот на соработка помеѓу одделенијата заради заедничка цел;
- промовира активно граѓанство;
- промовирање хумани вредности, љубезност, љубов меѓу луѓето, активно учество во граѓанскиот и општествениот живот на нашиот град;
- развивање и зајакнување на комуникациските вештини (италијански, а можеби и англиски): планирање текст за вистински соговорник, писмена продукција, интеракција со нашите вистински соседи;
- промовирање инклузија и чувство на припадност на неевропските ученици во нашите заедници;
- развивање географски и социјални знаења за нашата локална област;
- пренесување на концептот дека градот е состојба на умот, на емоции и чувства;
- промовирање чувство на грижа, солидарност меѓу генерациите и заемна граѓанска поддршка кон нашите соседи.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 11 години

**5. Потребни материјали:** Бела хартија, картони во боја, пликови, пенкала, моливи, боички, лепак, ножици.

**6. Времетраење:** 30-45 мин.

**7. Главни активности:**

Сесија на планирање во првата седмица од декември 2024 година за спроведување активност „Денови на божиќни љубезни писма“, инспирирана од хуманите вредности како љубезност, солидарност помеѓу генерациите, заемна граѓанска поддршка. Децата се мотивираат да пишуваат, цртаат и да бојат шарени креативни писма, пораки и други изработки наменети за луѓето, семејствата и соседите кои живеат во нивна непосредна околина. Мноштво писма на љубезност се разделуваат во седмиците пред Божиќ на адреси или директно во поштенските сандачиња за време на прошетките со одделенијата, во утринските или попладневните часови.

*Подготовка*

А. Прелиминарен состанок за планирање со сите наставници од Интернационалното основно училиште „Сан Филипо“ (San Filippo International Primary School) кои предаваат од 1. до 5. одделение.

Б. Се согласивме дека Божиќ е посебен период од годината, кој е преплавен со позитивни мисли, чувства, очекувања, со многу дела на добра волја и дарежливост.

В. Глобална дискусија за времето, просторот, содржината, педагошките идеи, методологијата на писмата на љубезност за божиќните празници за 2024 година. Секое одделение е распоредено во одреден дел од населбата/градот, улиците, плоштадите, зградите за да се постигне што поголема опфатеност и квалитет на граѓанската активност.

Д. Едукација на отворено: запознавањето на соседите бара ваков вид активност, која им овозможува на учениците да учат преку движење, прошетки, комуникација, интеракција со локалната заедница и доживување на посебно чувство на уживање од почетокот до крајот на активноста.

Ѓ. Наставниците разменуваат испечатени шаблони за да започнат со подготовките на собирање на потребниот материјал: писма, честитки, креативни изработки. Посебен акцент се става на клучните зборови на хумани вредности: благодарам, повелете и друг пат/нема на што, ве молам, извинете, жалам, љубезност, љубов, светлина, проштавање, поддршка, среќа, соработка, инклузија... ова се водечките аспекти на настанот. Ова е во согласност на Училишниот мировен кодекс, кој е составен и се применува во ова училиште уште од пред 15 години, во соработка со сестринското училиште во Јужна Австралија (Northfield Primary School, Adelaide).

*Имплементација*

Секој одделенски раководител ги запознава и им ја објаснува на учениците меѓународната улога на УНИЦЕФ за заштита на правата на децата, главните карактеристики на иницијативата, таа/тој ги мотивира, ги охрабрува да се фокусираат на важноста од користење љубезни зборови, обраќања, гестови, во нашиот секојдневен живот и при интеракција со други луѓе, со оние што живеат во наша близина, кои со нас го делат истото место на живеење, истиот град.

Учениците се поттикнуваат да се сконцентрираат на географијата, топографијата, морфологијата, архитектонските и хуманите особености на нашиот град. За да се сретнеме со нашите соседи, важно е да научиме да се движиме низ градот, да се ориентираме во однос на основните насоки и кардиналните точки. Кој живее во близина на училиштето? Кој живее блиску до нас? Ајде да размислиме и да поразговараме за тоа пред да излеземе и да ги доставиме нашите писма!

Учениците од секое одделение пишуваат, цртаат, бојат, украсуваат, собираат писма на љубезност, честитки, креативни изработки. Писмата и другите изработки се ставаат во разнобојни пликови на кои пишува “Parole Gentili Per Te“ (љубезни зборови за тебе).

На определените денови наставниците и учениците излегуваат од училиште и ги разнесуваат писмата на љубезност на дадените улици, области од градот, согласно планот на активноста.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

А. Повратната информација е добиена. Сакаме да истакнеме дека по неколку дена од спроведената активност во нашето училиште пристигнаа многу позитивни пораки од соседството! Повратни писма и одговори, чоколади и бонбони, телефонски јавувања во училишната администрација, честитки на социјалните мрежи.

Б. Училиштата можат да имаат клучна улога во доловувањето, дизајнирањето и конкретното промовирање на посвесен, проактивен, весел, одговорен стил на живеење во нашите градови. Оваа едноставна иницијатива покажува колку ефикасна може љубезноста да биде и како таа може да генерира хармонија и благосостојба за граѓаните од сите возрасти и социјални средини.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Во училницата се води понатамошна дискусија со учениците со цел да се рефлектира, коментира, оценува, генерира знаење, да се дефинира оваа добра практика, да се создаде портфолио на идеи за понатамошни слични акции и иницијативи.

Активноста е документирана преку фотографии, кратки видеа и се дистрибуира преку профилите на нашето училиште на социјалните мрежи – Инстаграм и Фејсбук.

**10. Инспирација:**

- Искуството е спроведено: https://www.instagram.com/p/C0Pxj58ogQj/?utm_source=ig_web_copy_link

- Како да организирате хуманитарна акција за донирање храна на соседите https://www.youtube.com/watch?v=HX7xYN86ENo и https://www.youtube.com/watch?v=Ux-PeNqIWD0
- Волонтирање за нашите зелени соседи https://www.youtube.com/watch?v=kS5QxtNqcEw
- Placed Based Education (PBE) https://www.promiseofplace.org/

Co-funded by
the European Union

# 3.6 Трка на гатанки



**1. Вид активност:** Активност на отворено, играта треба да се игра на широк, отворен простор.

**2. Тема:** Движење во градскиот простор, користење на градскиот простор како место за споделување и игра со врсниците

**3. Образовни цели:**

- познавање на градскиот простор,
- играње во градскиот простор,
- стекнување на вештини за соработка.

**4. Целна група:** Ученици од 8 до 14 години.

**5. Потребни материјали:** Картички со прашања; два гумени душеци; дрва или гумени душеци; дрва или пречки за слалом.

**6. Времетраење:** време да се дојде до избраниот простор за спроведување на активноста, 10 минути за прашања.

**7. Главни активности:**

Оваа активност им дава можност на децата да работат во тим и им помага да се фокусираат на градскиот простор за да стане интересно место со соодветен амбиент за играње. Играта ги нагласува значајните и силни страни на дружењето и непречено движење во градскиот простор, како и доживување на градот како место за игра и споделување со врсниците. Учениците се поделени во два тима, поделени наизменично во две групи, кои ќе се позиционираат на почетокот и на крајот на патеката, која се состои од низа дрва или пречки поставени во низа. На почетокот на патеката се поставуваат двата душеци пред двата тима. Првите играчи од двата тима прават салто над душекот, почнуваат со трката, го завршуваат слаломот и пристигнуваат на крајот од патеката, каде што ќе го најдат придружникот од другата група, кој ќе треба да одговори на прашање пред да ја заврши патеката во спротивна насока (без да се направи салто). Секој што нема да одговори точно на прашањето или не го знае одговорот мора да стои пет секунди. Тимот што ќе заврши прв победува. Правила: Внимавајте на казната од пет секунди пред повторно да започнете.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Дискусија: Соберете ги децата да разговараат за своите искуства и размислувања за активноста.

Прашања: Поставувајте прашања како:

- Во што најмногу уживавте во играта?
- Како се чувствувавте кога работевте со вашиот тим?
- Дали научивте нешто ново за градскиот простор?
- Како тимската работа ви помогна во завршувањето на трката?

Споделување на набљудувањата: Охрабрете ги децата да споделат своите набљудувања за тоа како го користеле градскиот простор за игра и што научиле за движењето низ овој простор.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Воспитувачот треба да се наврати на првично наведените цели, а согласно одговорите на горенаведените прашања да утврди дали и како учениците ги постигнале тие цели. Врз основа на прашањата за размислување и на знаењето за главниот проект, едукаторите треба да извлечат заклучоци за тоа колку добро учениците го разбрале и го доловиле концептот на чувството на припадност во заедницата и споделувањето.

**10. Инспирација:** © 2024 TeacherCove | Teaching Strategies, Ideas, Fun and Discounts

# 3.7 Земи го дрвото

**1. Вид активност:** Простор на отворено со дрвја.

**2. Тема:** Социјални вештини и физичка активност. Оваа активност има за цел да даде искуство за поттикнување соработка и социјална интеракција преку игра на отворено.

**3. Образовни цели:**

- Да развива вештини за соработка и тимска работа;
- Да се подобрат физичката активност и координацијата;
- Да се поттикнат социјалната интеракција и стекнувањето нови пријатели;
- Да се поттикнат креативноста и флексибилноста во формирањето партнерства.

**4. Целна група: ученици од 6 до 12 години**

**5. Потребни материјали:** Отворен простор со доволен број дрвја.

**6. Времетраење: 30-45 минути**.

**7. Главни активности:**

– Вовед: Објаснете ја играта, нејзините правила и цели. Нагласете ја важноста на соработката и стекнувањето нови пријатели.

– Играње на играта:

Играчите стојат насекаде низ просторот за игра.

На стартот играчите формираат парови и трчаат заедно за да прегрнат дрво.

Еден играч останува без партнер. На следниот старт, овој играч мора да најде нов партнер и да прегрне друго дрво.

На секој старт паровите и дрвјата мора да бидат различни.

Продолжете така неколку круга овозможувајќи му на секој биде оној што бара партнер.

– Дискусија: Соберете ги децата заедно да разговараат за своето искуство. Поставувајте прашања како:

Какво е чувството да се остане без партнер?

Кои стратегии ги користевте за брзо да пронајдете партнер и дрво?

Дали стекнавте нови пријатели за време на играта?

**9. Завршни активности, донесување заклучок:**

Сумирајте ги клучните придобивки од играта.

Истакнете ја важноста на тимската работа, брзото реагирање и социјалната интеракција.

Пофалете ги трудот и соработката на децата.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Рефлексија: Кажете им на децата да размислат за она што го научиле за соработката и стекнувањето нови пријатели.

- Дали уживавте во играта? Зошто уживавте или зошто не?
- Што научивте за заедничката работа?

- Преглед на целите:

- Дали децата работеа заедно за брзо да формираат парови?
- Дали имале интеракција со нови лица за време на играта?
- Дали имаше забележително подобрување во нивните социјални вештини до крајот на активноста?

Забелешки за фасилитаторите:

Погрижете се активноста да е постојано под надзор за да се одржи безбедноста.

Охрабрете ги децата да формираат парови со различни луѓе секојпат за да промовираат

Инклузивност.

Водете сметка дали има деца кои можеби се чувствуваат изоставени и помогнете им да се интегрираат во групата.

Приспособете ги правилата или понудете помош колку што е потребно за да бидете сигурни дека сите деца зеле целосно учество и уживале во активноста.

**10. Инспирација:**

Кооперативни игри за деца: придобивки и примери – сеопфатен водич за кооперативни игри, нивните придобивки и различни примери кои поттикнуваат тимска работа и социјална интеракција меѓу децата. Извор

Физичка активност и социјални вештини кај децата – Истражување за тоа како физичката активност може да ги подобри социјалните вештини кај децата, нагласувајќи ја улогата на структурирана и неструктурирана игра. Извор

Активности за градење тим кај деца – Список на активности кои промовираат тимска работа, соработка и социјална интеракција меѓу децата. Извор

# 3.8 Мојот град

**1. Вид активност:** Проект за креативни ликовни творби и други изработки во затворен простор.

**2. Тема:** Урбанистичко планирање и градско проектирање. Креативност и просторна свест преку практично градење на градот.

**3. Образовни цели:**

- Да се развијат креативноста и имагинацијата.
- Да се подобрат фините моторни вештини и координацијата рака – око.
- Да се разберат основните концепти на урбанистичкото планирање и просторните односи.
- Да се промовира тимска работа и соработка.

**4. Целна група:** ученици од 6 до 8 години.

**5. Потребни материјали:** Обоени конзерви, лепило, водоотпорни маркери, хартија во боја, ситни отпадни предмети, кутии во форма на паралелопипед, темперни бои (бела, црвена, жолта, црна, сина), винил-лепак, бели картонски листови.

**7. Времетраење:** 60-90 минути.

**8. Главни активности:**

*Вовед*

Објаснете ја активноста покажувајќи примери на градови и дискутирајќи за клучните елементи како што се улици, паркови и згради.

*Изградба на градот*

1. Обезбедете му на секое дете лист бел картон како основа.

2. Дозволете им на децата да ги обојат кутиите користејќи темперни бои.

3. Откако кутиите ќе се исушат, децата можат да ги наредат и да ги залепат на картонот за да го оформат градот.

4. Додајте детали користејќи водоотпорни маркери, хартија во боја и ситни отпадни предмети за да ги претставите елементите на градот, како патишта, паркови и згради.

Интерактивна игра

1. Користете мали автомобили, играчки и фигури на градежни работници за да го истражите нивниот град.

2. Комбинирајте поединечни градови за да создадете поголем заеднички град.

3. Измислувајте приказни и сценарија во рамките на создадениот град.

*Попап ликовни творби*

1. Изложете ги направените градови како попап ликовни изработки на ѕидот.

2. Променете ја перспективата со закачување на градовите како да се слики.

Co-funded by the European Union

*Гледање видео*

Гледајте го [Lost in the City](#) за да ги разберете насоките и движењето во град.

*Креативно користење на неискористениот материјал*

Искористете ги сите преостанати кутии и материјали за да направите уметнички конструкции за подароци на семејството или пријателите.

## 9. Завршни активности – донесување заклучок:

- Набљудувајте ги децата дали самоуверено се движат во направениот градски простор.
- Прашајте ги децата да ја опишат положбата на предметите во нивниот град.
- Охрабрете ги децата да ја опишат маршрутата по која се движат низ нивниот град.
- Размислете за поставените типовите прашања со кои ќе го истакнете знаењето и разбирањето на децата.





*make miniature cities to hang as pop-up works*

## 10. Рефлексија, преглед на целите:

Рефлексија:

- Дискутирајте за делот од активноста каде што децата најмногу уживаа.
- Размислете колку добро децата работеа заедно и ја искажаа својата креативност.

Преглед на целите:

- Дали децата покажаа креативност и имагинација во конструкцијата на градот?
- Дали можеа да ги разберат и да ги објаснат просторните односи во својот град?
- Дали активноста ги подобри нивните фини моторни вештини и координацијата рака – око?

Забелешки за фасилитаторите:

- Проверете дали сите материјали се безбедни и соодветни за возрасната група.
- Поттикнете ги креативноста и индивидуалното изразување, дозволувајќи му на секое дете да создаде уникатен град.
- Помогнете им на децата доколку има потреба, особено со материјалите за сечење и лепење.

- Поттикнете позитивна атмосфера на соработка, пофалувајќи го трудот и креативноста.

**11. Инспирација:**

Watt, F. (2017). La coccinella. Segrate (MI): Edizioni Usborne.

Carter, D. (2007). 600 punti neri. Modena: Franco Panini Ragazzi.

Selena, E. (2017). Giardino blu. Milano: L'ippocampo Ragazzi.

# 3.9 Ајде да го откриеме градот

**1. Вид активност:** Истражување на отворено комбинирано со креативен проект.

**2. Тема:** Истражување и разбирање на животната средина на градот во кој живееме и соодветното однесување во сообраќајот.

**3. Образовни цели:**

- Стекнување знаења за својот град и неговите значајни градби;
- Учење и применување на правилата за однесување во сообраќајот, како движење по тротоар, поминување улица на пешачки премин и почитување на сообраќајните знаци;
- Водење грижа за заедничките добра и за животната средина.

**4. Таргет група:** Деца на возраст од 6 до 10 години.

**5. Потребни материјали:**

- А3 листови хартија
- Фломастери или боички
- Лепило
- Ножици
- Отпечатена мапа на градот (достапна тука)
- Отпечатени делови од градот (згради, возила итн., достапни тука)

Дополнителни отпечатени материјали:

Работни листови за згради

Работни листови за градот

**6. Времетраење:**

Активност на отворено: 1 час

Активност во училница: 1-1.5 часа

**7. Главни активности:**

*Вовед:*

Разбирање на градот, неговите знаменитости и правилното однесување на улица. Оваа активност е инспирирана од идејата за вклучување на децата во нивната локална средина преку интерактивно учење. Со комбинирање на истражување на отворено со креативни задачи, децата можат подобро да го разберат својот град, да развијат навики за безбедност на улиците и да го поттикнат чувството за одговорност во заедницата. Практичниот пристап на креирање мапа на градот овозможува и едукативно и уметничко изразување, зајакнувајќи ги концептите научени за време на истражувањето.

*Активност на отворено:*

Организирајте прошетка со водич низ населбата или градот.

Посочете ги значајните згради како што се градското собрание, библиотеката, училиштата и парковите. Објаснете ги нивните функции.

Нагласете го правилното однесување на улица:

Одење по тротоар.

Преминување улици на пешачки премини.

Набљудување и разбирање на сообраќајните знаци.

Дискутирајте за важноста од почитување на јавниот имот и животната средина, нагласувајќи дека градот е сечија сопственост.

Активност во училница:

Обезбедете му на секое дете лист А3, фломастери или боички, лепак и ножици.

Поделете им на децата зголемени фотокопии од мапата на градот и елементите (згради, автомобили и сл.)Децата ги бојат цртежите на зградите и возилата.

Кажете им на децата да ги исечат зградите и возилата и потоа залепете ги на мапата поставувајќи ги на соодветни локации.

Поттикнете ги децата да ја објаснат функцијата на секоја прикажана зграда и значењето на сообраќајните знаци вклучени на нивните карти.

Децата од основно училиште нека ги пополнат работните листови со податоци за зградите и деловите на улицата.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Разговарајте со децата за тоа што научиле за време на активноста.
- Охрабрете ги да ги споделат своите искуства и набљудувања од истражувањето на отворено.
- Прикажете ги пополнетите мапи, а потоа секое дете нека ја претстави својата изработка објаснувајќи ги поставеноста и функциите на зградите и деловите од улицата.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете за важноста од познавање на сопствениот град и разбирање на улогата на различни згради.
- Утврдете го правилното однесување на улица кое го забележавте и практикувавте за време на активноста.
- Разговарајте за тоа како грижата за јавниот имот и животната средина им користи на сите во заедницата.

Co-funded by
the European Union

**10. Инспирација:**

Оваа активност е инспирирана од идејата за вклучување на децата во заедницата преку интерактивно учење. Преку комбинирање на истражување на отворен простор и креативни задачи, децата подобро ќе го разберат својот град, ќе стекнат навики за безбедност во сообраќајот и ќе го зајакнат своето чувство за одговорност во заедницата. Нивниот практичен пристап на креирање на мапа на градот дава можност за уметничко и едукативно искажување, како и утврдување на научените поими за време на истражувањето.



Co-funded by the European Union

# 3.10 Инклузија и движењето

1. **Вид активност:** Истражувачки и интерактивни маршрути во заедницата, подобро исполнување на слободното време на децата, тинејџерите и адолесцентите преку инклузивни и квалитетни активности.

2. **Тема:** Промовирање инклузивни искуства и поттикнување на интересни, стимулирачки и забавни активности во слободното време за девојчиња и момчиња, со и без попреченост.

3. **Образовни цели:** Подобрување на способноста за инклузивност преку креирање и применување на кратки маршрути со цел запознавање и подобро разбирање на соседството, областа или земјата во која живееме, со посебен акцент на пристапноста и инклузијата на сите.

4. **Целна група:** Ученици од 8 до 12 години.

5. **Потребни материјали:** не се потребни конкретни материјали

6. **Времетраење:** Приближно 2-3 часа по маршрута

7. **Главни активности:** За најдобро организирање на маршрутите, воспитувачот избира истакнато место во соседството или областа од историски, архитектонски и уметнички значење или локација со природна убавина. На пример, тврдина, градина или парк, црква, библиотека, градски музеј, историско-занаетчиски продавници, па дури и места од особено значење каде што се наоѓаат статуи, споменици или топоними или каде што од топонимите произлегуваат приказни за личности или специфични историски периоди.

– Проверка на пристапноста: Пред да ја креирате активноста, неопходно е да проверите дали избраната локација е достапна за посетители со попреченост. Затоа, проверката е неопходна:

o Да го погледнеме местото од гледна точка на корисник на инвалидска количка: дали има рампи, пристапни лифтови или лифтови за скали? Дали се достапни тоалетите, влезовите и излезите?

o Дали просторите што треба да се посетат се достапни за лицата со оштетен вид? Ако се работи за историска зграда (на пр., тврдина, музеј, библиотека), мора да се провери дали посетата може да се изведе преку сетилата за допир.

o Потребно е да се обезбедат поедноставени вербални описи за достапност на учесници со когнитивни попречености.

o Проверете дали маршрутата до избраната локација е без архитектонски и сензорни бариери.

o Генерално, креирајте маршрути со висок степен на флексибилност за да можат да се приспособат на сечија потреба.

– Теми: предложените активности се наменети за возраст од 8 до 12 години, но се приспособливи и за постарите деца. На пример, во фазата на планирање, како што е изборот на локација и верификацијата на критериумите за пристапност, поддршката на девојчињата и момчињата на возраст од 14-15 сигурно ќе се покаже корисна за стекнување нови сознанија и перспективи.

– Сите маршрути би можеле да бидат структурирани според оваа шема: отворање (социјализација со презентација на учесниците и посетата) – активност – заклучок (дискусија со учесниците за посетата и можни работилници).

1 – Маршрута за тактилна осетливост (за лица со штетен вид): учење да се согледаат уметничките дела на необичен начин, развивање на нивните тактилни способности. Посетата може да се организира во историска вила која има градина, двор, надворешен простор. Учесниците, исто така, ќе можат да ја посетат внатрешноста и надворешноста преку тактилни искуства што ќе им овозможат да „гледаат" од поинаква перспектива.

2 – Лов на детали: стимулира социјална кохезија и доверба во групата.

Изборот треба да биде место или простор каде што посетителите ќе можат да учествуваат во квиз со гатанки за историјата на местото и деталите за она што го виделе со своите очи и/или раце.

3 – Четири чекори во природа: подигање на свеста за грижа, почит и запознавање на средината во која живееме. Прошетката треба да се одвива на место со природни/пејзажни убавини со цел запознавање со историјата на таа област и планирање мали конкретни активности за нејзина заштита и зачувување.

4 – Занаетчии: пренесете им го на новите генерации задоволството од споделување преку уметноста која е карактеристична за занаетчиските креации. Може да се посетат една или повеќе историски работилници и искуството да се збогати со креативна работилница.

5 – Прошетка низ соседството: учење за историјата на соседството и замислување како соседството ќе изгледа во иднината, врз основа на потребите и барањата на момчињата и девојчињата.

Маршрута за реконструкција на историјата на околината и нејзините трансформации, размислувајќи како таа ќе изгледа во иднината, земајќи ги предвид реконструираните места и напуштените кои треба да се обноват, замислувајќи можни дестинации и нови намени.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Иницирајте групна дискусија за она што учесниците го научиле и доживеале.
- Охрабрете ги учесниците да ги споделат своите размислувања и идеи за маршрутите и активностите.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете за инклузивноста и достапноста на активностите.
- Утврдете колку маршрутите и активностите ги исполнија целите на учењето.
- Разговарајте за потенцијалните подобрувања и идни активности за подобрување на вклученоста и ангажираноста.

**10. Инспирација:**

National Recreation and Park Association: Inclusive Play

Оваа статија ги разгледува придобивките и важноста на инклузивната игра, нудејќи увид во тоа како да се креираат и имплементираат активности кои се достапни за сите деца, вклучувајќи ги и оние со попреченост.

Verywell Family: Активности за социјални вештини за деца. Verywell Family нуди различни активности насочени кон подобрување на социјалните вештини кај децата, вклучувајќи инклузивни игри и вежби кои промовираат интеракција и тимска работа.

# 3.11 Движи се низ градот

1. **Вид активност:** Оналјн активност

**2. Тема:** Создавање дидактичко и едукативно време и простор за споделување форми, карактеристики, бои на нашата околина. Рефлексија, планирање, набљудување на нашите градови, вршење географски, историски, уметнички, естетски истражувања. Доживување на концептот за Европско граѓанство на училиште. Уживаме во убавините на нашата околина.

**3. Образовни цели:**

- – поттикнување и зајакнување на духот на соработка помеѓу одделенијата,
- – зајакнување на групниот облик на работа,
- – развивање и зајакнување јазични и комуникациски вештини (англиски),
- – промовирање инклузија и чувство на припадност на неевропските ученици кон нашите заедници,
- – промовирање активно европско граѓанство, познавање на европските региони,
- – развивање географска, историска, социјална, естетска свест,
- – промовирање на ефективно и постепено стручно користење на ИКТ-технологија.

**4. Целна група:** Ученици на возраст од 8 до 11 години; видеоконференција со повеќе одделенија.

**5. Потребни материјали:**

- Печатени копии и или датотеки со JPEG слики од значаен дел, поглед, пејзаж на нашиот град или област;
- Компјутери/лаптопи, бела табла, веб-камера, микрофони;
- Листови хартија и или картон;
- Боички или прибор за пишување.

**6. Времетраење:** Околу 1 час.

**7. Главни активности:**

Активноста може да се имплементира преку платформата ePals – https://www.epals.com – бесплатен виртуелен простор достапен за наставници, едукатори и лидери од целиот свет кои сакаат да развијат и да разработуваат проекти за соработка на настава и учење.

Учениците и наставниците од дадените одделенија се среќаваат на видеоконференција на Гугл мит и изведуваат вистинска виртуелна посета на нивните градови, на која се претставени некои од најзначајните места и локации од нивната околина, со описи и коментари на англиски јазик.

Видеоконференцијата се одвива во лабораторискиот модел за вклучување на повеќе одделенија, односно мали групи ученици (2-4) од други одделенија се поканети да учествуваат и да стекнат нови искуства.

Подготвителна фаза: наставниците по историја и општество, религии, технологија, англиски јазик размислуваат и дискутираат помеѓу себе и со учениците, со посебен акцент на изборот на места и делови од градот и околината кои треба да му ги претставаат на партнерското училиште.

Б. Учениците и наставниците избираат, печатат во боја и/или цртаат, подготвуваат мултимедијална презентација на: училиштето, историскиот центар, катедралата, плоштадите, студентскиот центар и паркот, спортските објекти итн.

В. На секој ученик му е доделен дел од градот/територијата, кој ќе го презентира за време на видеоконференцијата, на англиски јазик. Презентацијата може да се направи, подготви или како домашна задача или како активност на час.

Г. Се прави прелиминарно тестирање на фукнционалноста на платформата, еден или неколку дена пред видеоконференцијата.

Д. Наставниците координатори од двете училишта им го објаснуваат форматот на видеоконференцијата на учениците и бараат предлози, идеи, од нив и/или од нивните родители.

Изведба на видеоконференцијата:

А. Технички проверки и првични поздрави од наставниците координатори.

Б. Воведен дел – запознавање: Учениците од едната паралелка пеат песна, може и традиционална, народна на тема – град, околина, на англиски, италијански или на јазикот на учениците од другата држава.

В. Учениците од училиштето 1 седат пред веб-камерата (на каналот за презентација) и еден по еден ја прикажуваат и опишуваат, на англиски јазик, секој својата слика, фотографија, цртеж.

Учениците од училиштето 2 седат пред веб-камерата (на каналот за презентација) и еден по еден ја покажуваат и опишуваат, на англиски јазик, секој својата слика, фотографија, цртеж

Д. За време на видеоконференцијата, учениците гости од другите паралелки ги набљудуваат и слушаат внимателно; учениците што седат на клупите размислуваат, цртаат и ја документираат активноста во тек.

F. Еден или повеќе наставници ја документираат видеоконференциската сесија, преку запишување истакнати фази или правење фотографии и видеа.

G. Како последен дел за збогум, учениците од другото партнерско одделение пеат песна, може и традиционална, на тема град, околина, на англиски, италијански или чешки јазик.

H. Учесниците се збогуваат со мавтање

Постпродукциска фаза.

А. Учениците се поттикнуваат да: размислуваат за искуството, да напишат слободни или насочени текстови за географските, архитектонските, естетските карактеристики на градот, околината на партнерското училиште; тие изработуваат ликовни творби, обоени зборови, запишуваат релевантни поими, фактолошки текстови за областа на европскиот партнер.

Б. Графичките изработки и другиот излезен материјал од спроведената активност се доработуваат и се споделуваат помеѓу двете партнерски училишта, со примена на ИТ-технологија или по пошта и исто така тие се споделуваат и со родителите.

В. Наставниците координатори можат да подготват кратка статија со фотографии, кои ќе ги објават на профилите на социјалните мрежи на училиштата партнери.

D. Наставниците од двете партнерски училишта ги анализираат, а потоа и ги користат резултатите од сесијата на видеоконференцијата за да продолжат да го развиваат заедничкиот работен план со понатамошни идеи и предлози.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Погледнете погоре: Постпродукциска фаза

Понатамошен акцент се става / може да се стави и сподели за:

– одредени метакогнитивни аспекти на спроведената активност: како активноста беше подготвена, планирана, изведена, завршена, документирана, вреднувана, дисеминирана? Зошто? Кој, што, направил и кога?

– поттикнување размислување, промовирање индивидуални или групни истражувања за главните карактеристики на европските градови и географските области: население, морфологија, општествени карактеристики, архитектонска свест, естетски вредности, интеркултурни знаења, чувства и емоции за она што било забележано, слушано, научено за време на видеоконференција.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

Наставниците координатори од двете партнерски училишта продолжуваат да ја споделуваат и вреднуваат видеоконференцијата и училишниот план за развој на европската и меѓународна димензија на образованието во рамките на следниот наставнички совет, на кој ќе присуствуваат и претставници од родителите.

Тимовите на наставници на двете партнерски училишта можат да конципираат и планираат уште една видеоконференција посветена на претставување на своето училиште, односно виртуелна обиколка на училиштето, вклучувајќи ги и архитектонските иновативни карактеристики – на пр., нови простори за учење – присуство на растенија и цвеќиња во училиштето, интервјуа во живо со директорот на училиштето, секретарот на училиштето, административниот персонал, техничкиот персонал.

Предлог за следната учебна година: откако учениците од двете партнерски паралелки разменуваа писма и цртежи во претходните неколку месеци, се претставуваа на англиски јазик во претходните сесии во живо, сега веќе се целосно способни да ги препознаат своите другари и ги знаат дури и нивните имиња! Даден е предлог да се посетиме и запознаеме лично во текот на следната учебна година!

### 10. Инспирација:

- Соработка помеѓу основните училишта, европска и меѓународна димензија на образованието, Европски граѓанин, изучување на европските и светските области документирање на проектните активности преку блог/портфолио/списанија. Неколку примери и практики: www.epals.com
- http://scuolasanfilippo.blogspot.com/2014
- http://ipssanfilippo.blogspot.com/2022/10/
- https://www.scuolesanfilippo.edu.it/pagine/international-primary-school-sfilippo-1

Co-funded by the European Union

# 3.12 Приказната на моето име

1. **Вид активност:** Во училница

2. **Тема:** Игра за справување со културните разлики

3. **Образовни цели:** Запознавање; споделување различни лични и културни аспекти на имињата на учениците; разбирање и ценење на културните разлики преку лични приказни. Оваа активност поттикнува подлабока врска меѓу учесниците преку споделување лични и културни приказни поврзани со нивните имиња, промовирајќи инклузивност и меѓусебно почитување.

4. **Таргет група:** Ученици на возраст од 10 до 14 години

5. **Потребни материјали:** Флипчарт или обична табла

6. **Времетраење:** Околу 3 мин. за секоја приказна. Целокупното времетраење зависи од бројот на учесници.

7. **Главни активности:**

Учениците се поттикнуваат да ја споделат приказната за своето име, неговата историја и значењето.

Едукаторот може да побара од учениците да ги прашаат своите родители за нивното име и да одговорат на следните прашања (тоа може да биде домашна задача):

o Кој го избра твоето име и зошто?

o Дали твоето име има значење?

o Дали твоето име од секогаш било такво или се променило?

o Дали луѓето понекогаш го изговараат или пишуваат твоето име на погрешен начин?

o Дали ти се допаѓа името?

o Како би сакал/а да се викаш?

o Како ве викаат вашите роднини и пријатели?

o Дали постои поинаков начин на пишување/изговор на твоето име на друг јазик?

o На која јазична верзија најмногу ти се допаѓа твоето име?

o Дали постои приказна поврзана со твоето име?

Препорачливо е учениците да седат во круг за меѓусебно да може добро да се слушаат и да се гледаат. Пред да почнете со активноста, подгответе го флипчартот, односно обичната табла. Напишете неколку од прашањата на флипчартот за да им помогнете на учесниците во која насока да се движат при раскажувањето на приказната за нивното име.

Потоа, учениците седнуваат во круг и едукаторот ги прашува да ја споделат приказната за своето име. Едукаторот може да даде пример преку кажување на приказната за своето име.

Не барајте од учениците да го одговорат секое прашање.

Ако остане време, едукаторот може да побара од учениците да го запишат своето име на лист хартија и веднаш до секоја буква од името секој да напише збор (нешто типично за него, некое хоби или некоја личност) кој започнува со дадената буква од името.

Потоа секој ги презентира своите идеи пред одделението.

Co-funded by the European Union

Совет: Ако групата е голема, а времето е ограничено, тогаш учениците можат да ја спроведат активноста во помали групи. Поттикнувањето на учениците да цртаат наместо да пишуваат, ќе го намали стресот кај оние со понизок капацитет за читање и пишување.

## 8. Завршни активности – донесување заклучок:

Учениците учат повеќе едни за други, учат да го ценат потеклото на другите и размислуваат за поврзаноста помеѓу името, идентитетот и културното потекло.

Учениците:

• стекнуваат самосвест,

• развиваат самоизразување и активно слушање,

• се запознаваат подобро еден со друг и развиваат самодоверба,

• умеат да ги идентификува сличностите и разликите и соодветно да се однесуваат кон нив.

## 9. Рефлексија, преглед на целите:

- Дискутирајте како активноста им помогна на учениците да стекнат самосвест и самоизразување;
- Размислете на кој начин се увежбуваше способноста за активно слушање;
- Нагласете го развитокот на самодоверба и разбирањето на културолошките сличности и разлики;
- Направете осврт на специфичните компетенции кои беа вклучени: самосвесност, самоизразување, комуникација (на странски јазик), слушање, градење заемни врски и меѓукултуролошко разбирање.

Оваа активност воспоставува цврста поврзаност помеѓу учесниците преку споделување лични и културолошки приказни кои се поврзани со нивните имиња, притоа промовирајќи инклузивност и заемно разбирање.

## 10. Инспирација:

- PRACTICE – Спречување радикализам преку стекнување на компетенции за критичко размислување (2018-1-IT02-KA201-048442, проект финансиран од Еразмус+ програмата на Европската Унија)
- Проект “Listen” (2019), број на проект: 2016-1-DE02-KA204-003341

# 3.13 Лични херои

1. **Вид активност:** Во училница (по можност 2 простории)

2. **Тема:** Игра за справување со културните разлики. Истражување на културните разлики и сличности преку осознавањето лични херои. Оваа активност ги поттикнува учениците да истражуваат за нивните лични херои, притоа стекнувајќи сознанија за културните разлики и сличности во групата. Промовирање на разбирање, почит и желба за откривање на различни перспективи, поттикнувајќи поинклузивна и посвесна средина за учење.

3. **Образовни цели:**

- Стекнување свест за културните разлики и сличности.
- Поттикнување на љубопитност за личните херои на другите.
- Поттикнување на разбирање и почит меѓу учесниците.
- Размислување за етноцентризмот и влијанието на културните модели.
- Стекнување сознанија за улогата на историјата и медиумите во формирањето на хероите.

4. **Целна група:** Ученици на возраст од 8 до 14 години

5. **Потребни материјали:**

- Флипчарт табла
- Маркери
- Списанија или весници (по избор)
- Фотографии, текстови или исечоци од весник за херои (по избор)

6. **Времетраење:** 2 часа

7. **Главни активности:**

Сите ние ги почитуваме и им се восхитуваме на луѓето што нè инспирираат. Понекогаш тие ни служат како пример. Преку споделување на мислењата за личните херои, без оглед дали се живи или не, учениците можат подобро да се запознаат едни со други и да стекнат знаење за различни култури.

Теми за дискусија:

- Хероите како елемент и симбол на социјализација и култура.

- Различни толкувања на историјата и различни лични ставови и вкусови.

- Разликите и сличностите меѓу луѓето од различни култури и различно етничко потекло.

Во случај на големи групи, поделете ги учениците да работат во помали групи од 5-6 члена. Кажете им на учениците да размислат и да определат три лика како свои лични херои. По десетина минути, поттикнете ги учениците да споделат кои ликови ги одбрале за лични херои и зошто им се воодушевуваат токму ним. Оставете доволно време за вистинска размена на мислења и дискусија. Потоа побарајте од секоја група да ги запише имињата на личните херои на членовите на групата на флипчарт таблата, нивната националност и, ако е соодветно, и областа во која тие ликови се истакнуваат, како на пр., спорт, музика, филм и сл.

Потоа секоја од помалите групи го претставува својот флипчарт пред сите.

Во заклучната фаза, запишете ги имињата на хероите, ако има такви, кои се спомнати повеќе од еднаш или се повторуваат неколкупати.

На крај едукаторот ги прашува учениците дали им се допаднала активноста и ги поставува следните прашања за дискусија:

- Дали имаше изненадувања или херои кои некому не му се познати? Кажете зошто.
- Дали имаше повторувања, во однос на пример на пол или националност?
- Што е она што нѐ воодушевува за некои личности да бидат наши херои, а други не?
- Дали сметате дека вашите херои се универзални? Зошто се или не се?

Активноста може да биде поинтересна ако учениците претходно ги запознаете со неа и побарате од нив да донесат фотографии, текстови или исечоци од весници за нивните херои. Исто така, можете претходно да соберете списанија или весници, особено списанија за млади, и да ги поставите во просторијата пред учениците. Принципот на оваа активност е дека нашиот избор на херои е релативна работа и зависи од нашата култура, функционира уште подобро ако групата е мултикултурна. Внимателното следење на активноста ќе открие значителни разлики во начинот на кој се пристапува кон целите.

Како дополнителен елемент на вежбата, можете да идентификувате некој херој - локален, национален или меѓународен, кој сметате дека треба да им се претстави на вашите ученици во овој контекст. Херој може да биде некој што покажал голема цврстина на карактерот или постигнал заслуги во борбата против расизмот, ксенофобијата или антисемитизмот, или може да биде некој што сте го идентификувале дека придонел во борбата против други прашања, како што е нетрпеливост од различна природа.

### 8. Завршни активности – донесување на заклучок:

- Резимирајте ги клучните поенти што се дискутираа за време на активноста.
- Нагласете ја важноста на разбирањето и почитувањето на различното културолошко потекло и личните херои.

### 9. Рефлексија, преглед на целите:

Целите беа:

- Да се стекне свест за сличностите и разликите во групата.
- Да се поттикне љубопитност за хероите на другите во групата.
- Подобро меѓусебно запознавање.
- Да се развие самокритичност кон етноцентризмот (разбирање на односот помеѓу доминантниот културен модел и малцинскиот културен модел).
- Да се размисли за улогата на историјата и медиумите како креатори на херои.

### 10. Инспирација:

Совет на Европа (2016): Education pack All different All equal. Council of Europe Resource

# 3.14 Направи чекор напред

**1.Вид активност:** Интерактивна активност на игра на улоги и дискусија.

**2. Тема:** Социјална правда, еднаквост и емпатија, разбирање на социјалните разлики.

**3. Образовни цели:**

- Развивање емпатија и разбирање на различните социјални ситуации.
- Подигање на свеста за социјалната нееднаквост и привилегираност.
- Поттикнување на критичкото мислење за правичност и правда во општеството.

**4. Целна група:**
- Ученици од 8 до 12 години

**5. Потребни материјали:**
- Карти за играње улоги кои опишуваат различни социјални ситуации.
- Отворен простор кој обезбедува движење на децата.
- Листа на искази за читање наглас.
- По избор: визуелен материјал кој претставува социјални ситуации.

**6. Времетраење:** 45-60 минути.

**7. Главни активности:**
- Вовед: Објаснете ја целта на активноста. Дискутирајте за концептите на емпатија, социјална правда и нееднаквост на начин соодветен на возраста.
- Доделување улоги: Поделете ги картички со улоги на секое дете. Картичките со улоги треба да опишуваат различни ликови од различно социјално потекло (на пр., дете од богато семејство, дете бегалец, дете со попреченост итн.)
- Инструкции: Објаснете им на децата дека ќе прочитате низа изјави. Ако изјавата се однесува на нивниот карактер, тие треба да направат чекор напред.
- Изведување на активноста:

1. Прочитајте изјава, како на пример, „Никогаш не сум морал/а да се грижам кој ја обезбедува мојата храна", „Може да одам на училиште без никакви пречки" итн.
2. Набљудувајте ги движењата и разликите на децата во растојанието што се создава помеѓу нив.

- Заклучоци:

1. Дискутирајте за активноста со децата. Поставете им ги следните прашања :

- Како се чувствувавте кога направивте чекор напред или останавте на истото место?
- Што забележавте околу различните позиции на вашите соученици?
- Зошто според вас некои деца можеа да се придвижуваат напред почесто од другите?

2. Разговарајте за причините поради кои има социјална нееднаквост и за важноста на емпатијата и правичноста.

Поттикнете ги децата да ги споделат своите размислувања и чувства.

Забелешки за фасилитаторите:

- Бидете сензитивни на чувствата и реакциите на децата во текот на целата активност.
- Обезбедете опкружување на поддршка и неосудување.
- Бидете подготвени соодветно да реагирате на специфичните емоции или прашања што ќе се појават.
- Приспособете ја активноста согласно личните потреби и оние на групата.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Сумирајте ги научените клучни поенти за емпатијата, привилегираноста и социјалната правда.
- Нагласете ја важноста од разбирање и поддршка на оние што се соочуваат со различни предизвици.
- Нагласете како малите добри дела и свесноста можат да придонесат за поправедно општество.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

o Рефлексија:

- Поттикнете ги децата да се произнесат за она што го научиле за различните социјални ситуации.
- Запрашајте ги да размислат како би можеле да бидат поемпатични и да дадат позасилена поддршка во својот секојдневен живот.
- Преглед на целите:
- Дали активноста им помогна на децата да ги разберат различните социјални нееднаквости?
- Дали можеа да се соживеат со ликовите што ги прикажуваа?
- Дали децата се вклучија во важни дискусии за правичност и правда?

**10. Инспирација:**


- Freire, P. (1970), Pedagogy of the Oppressed.
- Rawls, J. (1971), A Theory of Justice.
- Материјали за социјална правда и нееднаквост на УНИЦЕФ и на други организации кои се поборници за правата на децата.

Co-funded by
the European Union

# 3.15 Игра со слики

**1. Клучен концепт:** Разбирање на човековите права преку визуелни интерпретации и дискусии.

**2. Вид активност:** Активност во училница, интерактивна групна активност

**3. Тема:** Истражување на Универзалната декларација за човековите права (УДЧП) преку користење фотографии, разбирање на човековите права преку визуелна интерпретација и дискусија.

**4. Образовни цели:**

- Запознавање на учениците со Универзалната декларација на човекови права.
- Поттикнување на критичкото мислење и дискусија за човековите права.
- Развивање на способноста за толкување визуелен материјал.
- Прифаќање на различни перспективи за прашања поврзани со човековите права.

**5. Целна група:** Ученици на возраст од 10 до 14 години

**6. Потребни материјали:**

- Збирка од 20-30 фотографии, нумерирани (можат да се симнат од UN UDHR Booklet)
- Голема маса за изложување на фотографиите
- Табела за закачување на ѕид која ги содржи членовите на УДЧП (достапна на UDHR Articles)
- Флипчарт табла или обична табла и маркери

**7. Времетраење:** 30 минути

**8. Главни активности:**

Поставете ги сликите на масата.



Co-funded by the European Union

- Кажете им на учениците да работат индивидуално
- Прочитајте еден од членовите на УДЧП и запишете го на таблата/флипчарт таблата.
- Прашајте ги учениците да ги разгледаат фотографиите и да ја изберат онаа што, според нивното мислење, најдобро го прикажува членот.
- Потоа запрашајте ги сите ученици, еден по еден, да кажат која слика ја избрале и зошто.
- Забележете кои слики се избрани; напишете ги нивните броеви на табла.
- Прочитајте повеќе различни членови од УДЧП (направете комбинација од граѓански, политички, економски и социјални права).
- Направете сами осврт на активноста, а потоа поразговарајте со учениците за она што го научиле.
- Дали учениците избираа различни слики во различните наврати на активноста или сметаа дека една или две слики кажуваат сè?
- Дали различни ученици избраа исти слики во различни наврати на активноста или учениците имаа многу различни идеи за нештата што ги претставуваат различните права? Што ни кажува ова за различното гледање на светот на секој од нас?
- Прегледајте ја листата на флипчарт таблата. Кои фотографии најчесто се избираа? Што беше посебно за овие слики? Зошто тие фотографии беа често избирани? Дали причината за тоа е големината или бојата на сликите или, пак, поради тоа што е прикажано на сликата?
- Дали некоја слика беше избрана за да претставува неколку различни права?
- Дали некој не се согласува со толкувањето на другите за одредена слика?
- Дали има фотографии што воопшто не беа избрани? Дали и тие слики би можеле да се толкуваат дека претставуваат човеково право? Кое човеково право?

**9. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Резимирајте ги клучните поенти од дискусијата на активноста.
- Истакнете ја важноста на разбирањето и почитувањето на човековите права.
- Дискутирајте за тоа како визуелните средства можат да се толкуваат на различен начин и како тие влијаат на нашето разбирање на човековите права.

**10. Рефлексија, преглед на целите:**

- Дискутирајте за ефикасноста на активноста за постигнување на поставените цели за:
- Запознавање со УДЧП.
- Поттикнување на критичкото размислување и дискусија.
- Развивање на вештината за визуелно толкување.
- Прифаќање на различни перспективи.
- Прашајте ги учениците за повратната информација од активноста и за она што го научиле.

**11. Инспирација:**

Универзална декларација за човекови права, *ОН*

Co-funded by the European Union

# 3.16 Зоолошка градина

**1. Вид активност:** Физичка активност на отворено и вежба за градење тим.

**2. Тема:** Поминување патека со пречки на тема животни, која ја нагласува тимската работа и покрај физичките ограничувања, емпатија и надминување на пречките преку соработка, инклузивно образование, градење тим, важноста на соработката и емпатијата во надминувањето на предизвиците.

**3. Образовни цели:**

- Да се разбере важноста на работата во тим, и покрај разликите и пречките.
- Да се развие емпатија преку искусување физички ограничувања.
- Да се поттикне креативноста во решавањето на проблемите и соработката.

**5. Целна група:** ученици од 6 до 10 години

**6. Потребни материјали:**

- Завои
- Картон
- Кутија
- Реквизити за вежбање (конуси, јажиња, душеци итн.)
- Картички во боја со имиња на животни

**7. Времетраење:** Приближно 1 час

**8. Главни активности:**

Воспитувачот пишува име на животно на картичките со различни бои (се препорачува да се подготват три комплети од по 10 картички со различни бои и секој комплет се однесува на едно животно), потоа тој/таа ги свиткува картичките и ги става во кутија, од која секој ученик извлекува само по една картичка. Сите ученици со картичка со иста боја формираат тим. Така се формираат неколку тима, секој тим е во соодветна боја, вклучувајќи ги следните животни:

1. Кенгур што си ја скршил ногата: детето ќе мора да скока само со една нога;

2. Слепо куче: детето ќе мора да стави превез;

3. Пингвин кого перките го болат: детето ќе мора да ги држи рацете зад грбот.

Важно: Воспитувачот треба да им ја објасни активноста на децата и да ги претстави ликовите пред децата да почнат да извлекуваат картички. Секој тим мора да си помага еден на друг преку патека со пречки, водејќи сметка за ограничувањата. Децата се оставаат слободно да си помагаат едно на друго, според нивното толкување на тешкотиите и користејќи ги стратегиите што самите ги идентификуваат.

Во оваа фаза е важно да ги потсетите децата дека ова не е натпревар со ограничено време.

На крајот од играта, посебна заслуга ѝ се доделува на онаа групата која успеала да ја помине патеката со пречки, притоа помагајќи му на секој член во групата, и која ќе може добро да ги објасни техниките за давање помош.

Совет: Патеката може да ја поминуваат три тима паралелно; секој тим ќе започне веднаш

Co-funded by the European Union

штом ќе заврши претходниот. Кога тимот ќе заврши, членовите може да се вратат на почетокот, а исто така децата можат да ги менуваат ликовите. На тој начин секое дете ќе може да имитира различен лик и да ги доживее своите ограничувања и потреби. Кога децата ќе ја завршат играта, тие седнуваат на земја поделени во истите групи со кои ја минувале патеката и ќе им бидат поставени прашања: 1. Дали се забавувавте? 2. Која беше најголемата тешкотија? 3. Како ги надминавте тешкотиите?



### 9. Завршни активности – донесување заклучок:

- Сумирајте ја активноста нагласувајќи ги важноста на тимската работа, емпатијата и решавањето проблеми.
- Истакнете го придонесот на секој член на тимот во надминувањето на пречките.

### 10. Рефлексија, преглед на целите:

Дискутирајте за тоа како активноста ги исполнила образовните цели.

Охрабрете ги децата да ги споделат своите размислувања за тоа како се чувствувале во секоја улога и што научиле за тимската работа и емпатијата.

### 11. Инспирација:

Емпатија и тимска работа: Стратегии за настава. Статија која ги разгледува наставните стратегии за поттикнување на емпатијата и тимската работа кај помалите ученици, во согласност со целите на активноста.

Физичка активност и социјални вештини кај децата. Ова истражување го нагласува влијанието на физичките активности врз развојот на социјалните вештини и ги нагласува тимската работа и соработката Physical Activity and Social Skills - NCBI.

Co-funded by the European Union

# 3.17 Шарен свет

**1. Клучен концепт:** Прифаќање на различноста и разбирање на вредноста на индивидуалните разлики

**2. Вид активност:** Активност во затворен простор

**3. Тема:** Препознавање и прифаќање на разликите

**4. Образовни цели:**

- Да се разбере важноста на различноста и инклузијата.
- Да се поттикнат емпатија и прифаќањето меѓу врсниците.
- Да се изрази индивидуалноста преку креативни активности.
- Да се промовираат соработката и споделувањето.

**5. Целна група:** Ученици на возраст од 6 до 10 години

**6. Потребни материјали:**

- Шаблони на слон за боење
- Материјали за боење (фломастери, боички итн.)
- Видео „Шарениот слон Елмер“ од Дејвид Меки (достапно на Јутјуб)

**7. Времетраење:** Околу 1 час и 30 минути

**8. Главни активности:**

Вовед и дискусија:

Започнете со поставување прашања за разликите и различностите. Можни прашања:

- Што значи да се биде различен?
- Зошто е добро да имаме пријатели кои се различни од нас?
- Како можеме да си помагаме кога имаме различни силни и слаби страни?
- Стимулирајте размислување за соработката, споделувањето и можностите што ги нуди различноста.
- Видеопрезентација:
- Прикажете го видеото „Шарениот слон Елмер“.
- Линк: Elmer the multicoloured elephant
- Дискусија за видеото:
- Прашајте ги децата што мислат за видеото:
- Зошто Елмер се чувствувал поинаку од другите слонови?

- Како различноста го направи Елмер посебен?
- Што научиле другите слонови од Елмер?
- Охрабрете ги децата да ги споделат своите мисли и чувства за приказната.
- Креативна активност: Украсување на шаблоните на слонови:
- Поделете им ги на децата шаблоните на слонови.
- Насочете ги да ги украсуваат своите слонови на начин што ќе ги одрази нивната личност, нивните страсти и нивните уникатни особини.
- Обезбедете им на децата материјали за боење и поттикнете ги креативноста и индивидуалноста.
- Откако ќе завршите, изложете ги сите украсени слонови за да создадете „збирка на уникатни слонови“.
- Споделување и презентација:
- Секое дете го претставува својот украсен слон и објаснува зошто ги избрало дадените бои или дизајни.
- Разговарајте за тоа како секој слон е посебен и единствен, исто како и секој ученик.

**9. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Резимирајте ги клучните точки што се дискутираа за време на активноста.
- Нагласете дека разликите на сите ја прават групата посебна и посилна.
- Зајакнете ја идејата дека вклучувањето и прифаќањето на различноста води до побогата заедница која нуди силна поддршка.

**10. Рефлексија, преглед на целите:**

Размислете за тоа како активноста придонесе кон исполнувањето на образовните цели:

- Разбирање на важноста на различноста и инклузијата.
- Негување емпатија и прифаќање.
- Поттикнување на креативно самоизразување.
- Промовирање соработка и споделување.
- Прашајте ги децата за нивните повратни информации за активноста и за она што го научиле.

**11. Инспирација:** Инспирирано од книгата „Елмер“ на Дејвид Меки и нејзината порака за значењето на различноста и инклузијата.

Co-funded by the European Union

# 3.18 Мојот град

**1. Вид активност:** Активност во затворен простор

**2. Тема:** Замислување и планирање на подобрувања за градот. Разбирање и замислување на подобрувања во нашиот град низ призмата на детските очи, вклучување на децата во урбанистичкото планирање и архитектурата на градот што ќе им овозможи подобро разбирање на нивната околина и креирање подобра иднина за нивната заедница.

**3. Образовни цели:**

- Да ги препознае предностите и недостатоците на градот.
- Да се поттикне креативното размислување и решавањето проблеми.
- Да се поттикне чувството на заедништво и граѓански активизам.
- Да се развие разбирањето за урбанистичкото планирање и архитектурата.

**4. Целна група:** Ученици од 8 до 12 години

**5. Потребни материјали:**

- Фотографии од град (разни делови од јавниот простор, улици, згради итн.)
- Хартија за цртање
- Маркери, боички, моливи
- Пристап до текстуален/видеозапис за градот и неговиот историјат
- Флипчарт табла или обична табла за групна дискусија

**6. Времетраење:** Околу 1 час и 30 минути

**7. Главни активности:**

Вовед:

- Започнете со читање текст или гледање видео за градот и неговото потекло. Објаснете ги историјата и развојот на градот, истакнувајќи ги клучните знаменитости и промени со текот на времето.
- Разговарајте за моменталната состојба на градот и што го прави уникатен.

Дискусија:

- Прашајте ги децата што им се допаѓа, а што не им се допаѓа во нивниот град. Напишете ги нивните одговори на табла.
- Охрабрете ги да размислуваат за тоа што недостига во нивниот град и што може да се подобри.

Активност за креативно цртање:

- Поделете им на децата фотографии од различни делови на градот.

- Запрашајте ги да замислат како би можел да изгледа нивниот град со подобрувања. Што сакаат да видат во него што моментално го нема? Што би го направил нивниот град подобар?

- Побарајте од децата да ја нацртаат својата визија за подобар град користејќи ги фотографиите како почетна точка. Децата можат да додаваат нови градби, паркови, игралишта, јавен простор, транспорт итн.

- Презентација и споделување идеи:

- Секое дете го претставува својот цртеж и ги објаснува своите идеи за подобрување на градот.

- Дискусија за различните идеи и како тие би и служеле на заедницата.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Сумирајте ги клучните идеи презентирани од децата.

- Истакнете заеднички теми и иновативни предлози.

- Нагласете ја важноста на придонесот на сите во правењето на градот подобро место за живеење.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Размислете за тоа како активноста помогнала да се исполнат образовните цели:

- Препознавање на недостатоците на градот и можностите за подобрување.

- Поттикнување на креативното размислување и решавање проблеми.

- Поттикнување чувство на заедништво и граѓански активизам.

- Разбирање на основните концепти на урбанистичкото планирање и архитектурата на градот.

- Споделување на тоа што децата го научиле за нивниот град и нивната улога во неговото подобрување.

**10. Инспирација:** *La città che vorrei: architettura per bambini* https://www.ricrearti.org/corsi-e-laboratori/bimbi/19-architettura-per-bambini.html

Co-funded by
the European Union

# 3.19 Идеален град

**1. Вид активност:** Симулација во затворен и отворен простор

**2. Тема:** Разбирање и решавање на архитектонските бариери со цел создавање инклузивен и достапен град

**3. Образовни цели:**

- Препознавање на недостатоците и можностите за подобрување во нашиот град.
- Стимулирање на размислувањето на децата за целосна интеграција и учество во општествениот живот на лицата со попреченост.
- Развивање емпатија и вештини за решавање проблеми поврзани со пристапноста.

**4. Целна група:** Ученици од 8 до 12 години

**5. Потребни материјали:**

- Инвалидска количка за симулација
- Пречки за создавање бариери (на пр., кутии, рампи, скали)
- Хартија за цртање и маркери/боички
- Фотографии или мапи на градот
- Флипчарт табла или обична табла

**6. Времетраење:** Околу 1 час и 30 минути

**7. Главни активности:**

Вовед:

- Започнете со кратка дискусија за важноста на пристапноста во градовите.
- Објаснете што се архитектонските бариери и како тие можат да влијаат врз луѓето со попреченост и другите граѓани, како на пример, родителите со колички.

Активност на симулација:

- Поставете патека со пречки во училницата или на отворено за да симулирате град со различни архитектонски бариери.
- Едно дете симулира мајка со количка движејќи се по патеката со пречки.
- Набљудувајте ги тешкотиите со кои се соочувате и дискутирајте за секоја наидена бариера.

Групна рефлексија:

- Соберете ги децата и разговарајте за нивните искуства за време на симулацијата.
- Замолете ги да размислат за бариерите на кои наишле и како се чувствувале.
- Дискутирајте за важноста на пристапниот дизајн и како тој има корист за сите.

Активност за креативно решение:

- Поделете ги децата во мали групи.
- Дајте ѝ на секоја група мапа или фотографија од дел од градот каде што има бариери.

Побарајте од групите да ја редизајнираат областа за да ја направат достапна користејќи хартија за цртање и маркери.

- Охрабрете ги учениците креативно да размислуваат за решенија како што се рампи, поширoки патеки и пристапни влезови.
- Презентација и споделување идеи:
- Секоја група ја претставува својата редизајнирана област и ги објаснува своите решенија.
- Дискусија за различните идеи и како тие би ја подобриле пристапноста за секого.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Резимирајте ги клучните точки за кои се дискутираше и решенијата што беа предложени од децата.
- Нагласете ја важноста на пристапноста во создавањето инклузивни градови.
- Нагласете дека малите промени можат да направат огромна разлика во животот на луѓето.

**9. Рефлексија, преглед на целите:** Која е перцепцијата на децата за местото каде што живееме, што очекуваат да откријат на секој агол?

Размислете за тоа како активноста помогна да се исполнат образовните цели:

- Препознавање на недостатоците и можностите за подобрување во градот.
- Стимулирање на размислувањето за целосна интеграција и вклученост на лицата со попреченост.
- Развивање емпатија и вештини за решавање проблеми поврзани со пристапноста.

Прашајте ги децата што научиле за пристапноста и како можат да помогнат во создавањето на поинклузивен простор.

**10. Инспирација:** „La città che vorrei: architettura per bambini" достапно во Ricrearti.

# 3.20 Уметничка галерија на отворено

**1. Вид активност:** Активност на отворено

**2. Тема:** Практичен уметнички проект на заедницата и иницијатива за урбана ревитализација. Обнова на јавниот простор преку колаборативни уметнички инсталации.

**3. Образовни цели:**

- Културна наобразба: Запознавање на учениците со трансформативната моќ на уметноста во јавниот простор.
- Вклученост во заедницата: Поттикнување на соработката меѓу различни групи (стручни лица, ученици, едукатори, улични уметници, граѓани) со цел разубавување и подобро искористување на јавните површини.
- Свесност за животната средина: Промовирање на чувството за управување, одговорност за одржување и уживање во јавниот простор.
- Развој на вештини: Давање можности за учење уметнички техники, спроведување проекти и тимска работа.

**4. Целна група:** Ученици од 8 до 12 години

**5. Потребни материјали:**

- Ликовен материјал: Бои, четки, платна, маркери, боја во спреј, шаблони за сликање на ѕид итн.
- Алат за поставување на изложбата: Чекани, клинци, јажиња, лепила итн.
- Безбедносна опрема: Ракавици, очила (ако е потребно)
- Материјали за документирање: Камери, тетратки, пенкала
- Алатки за проценка на јавен простор: Мапи, фотографии од постоечкиот простор

**6. Времетраење:**

Времетраењето на проектот може да варира зависно од видот и обемот на инсталациите и обично ги вклучува следните фази:

Фаза на планирање: На учениците им се потребни неколку недели за да собираат идеи, да ги планираат дизајните и да обезбедат дозволи.

Фаза на имплементација: На учениците им се потребни неколку дена/недели за подготовка на инсталацијата и создавање уметнички дела.

Фаза на евалуација и размислување: Завршен настан - изложби за прикажување на изработената галерија.

**7. Главни активности:**

Вовед:

Клучниот концепт се фокусира на концептот за користењето на уметноста како катализатор за ревитализација на јавниот простор, поттикнувањето на вклученост во заедницата и промовирање на чувството за грижа и управувањето со заедничките јавни ресурси. Оваа активност има за цел да ги поттикне заедниците креативно да соработуваат преку трансформирање на нивната локална средина, да промовира инклузивност и да го зајакнат чувството на уживање во уметноста и во јавниот простор.

Планирање и бура на идеи во заедницата:

- Организирајте работилници и состаноци за да соберете информации од граѓаните за посакуваните теми и локации за уметнички инсталации.

- Преку соработка со воспитувачите вклучите ги децата во сесијата на бура на идеи за создавање на уметнички дела.

Дизајн и уметнички развој:

- Фасилитирајте работилници за дизајнирање каде што учесниците, вклучувајќи стручни лица, деца, едукатори и уметници, соработуваат при креирање скици и планови за уметнички дела.

- Одберете дизајни што ги земат предвид пристапноста, културната важност и естетското подобрување на јавниот простор.

Уметничка изработка и инсталација:

- Изработете ги одбраните дизајни со помош на уметници и волонтери, трансформирајќи го идентификуваниот јавен простор во уметничка галерија.

- Координирајте ја логистиката за инсталација обезбедувајќи безбедност и почитување на прописите за јавен простор.

Отворање на галеријата и организирање настан во заедницата:

- Организирајте јавен настан за отворање/откривање на уметничката галерија поканувајќи ги членовите на заедницата, инволвираните субјекти, локалната власт, по повод завршувањето на проектот.

- Организирајте тури за разгледување на уметничките дела и јавно обраќање на уметници со цел запознавање на јавноста со уметничките дела и нивното значење.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Изложба и вклученост на јавноста:

Одржувајте го моментумот преку континуирано организирање изложби, тури за разгледување и едукативни активности поврзани со уметничката галерија на отворено.

Охрабрете ги јавната интеракција и протокот на повратни информации со цел проценка на јавното мислење и нивото на задоволство на заедницата, како и собирање предлози за идни проекти.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- \- Размислете за тоа дали проектот успешно ги постигнал своите цели за културно збогатување, поголема вклученост во заедницата, подигнување на еколошката свест и развој на вештини.

- \- Евалуирајте ги повратните информации од учесниците и влијанието на проектот врз заедницата за да ја процените неговата ефективноста во ревитализација на јавниот простор и поттикнување на чувството на сопственост кај граѓаните.

**10. Инспирација:** Глобални иницијативи како што се:

- Ѕидовите на Винвуд во Мајами, САД, проект при кој се трансформира магацинска област во светски позната уметничка галерија на отворено.

- Програмата за мурални уметности во Филаделфија, САД, позната по своите мурални проекти предводени од заедницата, кои во урбаната ревитализација вклучуваат различни групи граѓани.

Co-funded by
the European Union

# 3.21 Училиштето какво што го сакам

**1. Вид активност:** Активност во затворен простор

**2. Тема:** Промовирање и имплементирање култура на инклузија

**3. Образовни цели:** Стекнување повеќе сознанија за солидарноста, вклученоста и различноста. Учење за правата на лицата со попреченост и ширење на културата на инклузија, развивање на способноста за набљудување, слушање и водење поголема грижа за потребите на сите, ставајќи се себеси во состојбата на другите.

**4. Целна група:** Ученици од 8 до 14 години

**5. Потребни материјали:** Не се потребни специфични материјали

**6. Времетраење:** Околу 3 часа

**7. Главни активности:**

Честопати ќе се најдеме на место кое не е доволно достапно за сите луѓе. Ајде да размислиме малку! За да дојдеме до станбената зграда каде што живееме, има ли скали за качување? Има ли рампа за оние што не можат да одат? Дали лифтот е доволно голем за да собере количка?

Дали има лифтови и рампи во училиштето? Дали има натписи на Брајово писмо или тактилни елементи за да му олеснат на лицето што не гледа? Дали на полиците на библиотеката има знаци и книги напишани со Брајово писмо?

Ова се неколку препораки што воспитувачот може да им ги даде на момчињата и девојчињата пред да организира обиколка низ училиштето.

1. Истражете ги сите простории во училиштето, при што ќе го поделите одделението во мали групи и потоа ќе им ги зададете следните задачи: една група ќе го набљудува влезот и аулата, другата ходниците, третата тоалетите, дворот итн.

2. Секоја група ќе треба да провери дали просторот е достапен и за лицата со попреченост и, ако не е, треба да ги забележат инклузивните елементи што треба да се додадат.

3. По враќањето во училницата, секоја група треба да го опише училиштето, притоа додавајќи инклузивни содржини преку цртеж или тродимензионален модел.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Преку спојување на сите ученички изработки, учениците можат да изградат свој инклузивен училиштен модел!

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Едукаторот ги разгледува образовните цели утврдени на почетокот на активноста и како резултат на дискусијата со учениците утврдува дали и како тие ги постигнале поставените цели. Врз основа на резултатите, едукаторот донесува заклучоци за тоа колку добро учениците го разбрале и концептот на солидарност, инклузија и различност.

**10. Инспирација:** *La città che vorrei: architettura per bambini* *https://www.ricrearti.org/corsi-e-laboratori/bimbi/19-architettura-per-bambini.html*

Co-funded by the European Union

# 3.22 Градот каков што го сакам

**1. Вид активност:** Активност на отворено

**2. Тема:** Примена и промовирање на културата на инклузија

**3. Образовни цели:** Дискусија за солидарноста, инклузијата и различноста. Учење и стекнување искуства за правата на лицата со попреченост, ширење на културата на инклузија, подигање на свеста за важноста на пристапноста со цел обезбедување учество на сите лица во општествениот живот

**4. Целна група:** Ученици од 8 до 14 години

**5. Потребни материјали:** Не се потребни специфични материјали

**6. Времетраење:** 3 часа

**7. Главни активности:**

Пред да се структурира вистинската активност, од суштинско значење е да се направи проверка, заедно со учениците, за да се увиди дали избраната маршрута или локација е достапна за учесниците со попреченост. Еве краток список за проверка: Ајде да го погледнеме местото од гледна точка на корисник на инвалидска количка. Дали има рампи, достапни лифтови или лифтови за скали? Дали се достапни тоалети, влезови и излези? А за лицата со оштетен вид? Ако се работи за историски локалитет (на пр., замок, музеј, библиотека), треба да се води сметка дали локацијата е и тактилна.

Исто така, неопходно е обезбедување поедноставени вербални описи во случај на учесници со когнитивна попреченост.

Ајде да провериме дали маршрутата до избраната локација е без архитектонски и сензорни бариери.

Генерално, изберете и дизајнирајте маршрути кои имаат добар степен на флексибилност за да можат да се приспособат на сечии потреби.

Прва активност: Првата активност ќе се состои од тактилна посета, која ќе се организира во замок или историска локација, музеј, библиотека, која може да има и надворешен простор како градина или двор, каде што може да се истражуваат природните елементи со сите сетила, не само со видот. Учесниците, исто така, ќе можат да ја посетат внатрешноста и надворешноста преку тактилни искуства што ќе им овозможат да „гледаат“ од една поинаква перспектива.

Втора активност: Втората активност, од друга страна, ќе вклучува повеќе движење со цел да се направи прошетка низ соседството или областа каде што се наоѓа училиштето, преку посета на значајни локалитети или места каде што топонимијата може да раскаже приказни за протагонисти или за конкретни историски периоди.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

На крајот учениците можат да создадат маршрута за реконструкција на историјата на соседството и неговите трансформации, размислувајќи за соседството на иднината, земајќи ги предвид обновените места и напуштените области кои треба да се обноват, замислувајќи можни дестинации и нови намени, имајќи секогаш предвид за вклучување на потребите на сите.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Едукаторот ги разгледува целите утврдени на почетокот на активноста и, како резултат на дискусијата со учениците кои учествуваа во активностите, утврдува дали и како учениците ги постигнале тие цели. Врз основа на резултатите, едукаторите донесуваат заклучоци за тоа колку добро учениците го разбрале концептот на солидарност, инклузија и различност.

**10. Инспирација:**

La città che vorrei: architettura per bambini https://www.ricrearti.org/corsi-e-laboratori/bimbi/19-architettura-per-bambini.html

Un’inclusione possibile fuori e dentro la scuola https://www.cbmitalia.org/partecipa/coltiviamo-linclusione/spunti-e-materiali-didattici/inclusione-fuori-e-dentro-la-scuola/

## 3.23 Креативни градители на заедницата: Дизајнирање на нашиот идеален јавен простор

**1. Вид активност:** Практична работилница и интерактивно учење. Активност во затворен простор

**2. Тема:** Истражување и подобрување на јавниот простор преку создавање места

**3. Образовни цели:**

- Разбирање на создавањето места: Запознајте ги децата со концептот за создавање места и неговата важност во развојот на заедницата.
- Креативност и дизајн: Поттикнете ги креативноста и иновативното размислување при дизајнирање и подобрување на јавниот простор.
- Ангажирање во заедницата: Зацврстување на чувството на сопственост и одговорност на заедницата кон јавниот простор.
- Еколошка свест: Промовирање одржливи практики во дизајнирање и одржување јавни површини.

**4. Целна група**:

Деца на возраст од 8 до 12 години, вклучувајќи:

- Училишни групи
- Младински организации
- Центри на заедницата

**5. Потребни материјали:**

- Материјали за цртање: Хартија, маркери, боички
- Материјали за изработка: Лепило, ножици, картон, материјали за рециклирање
- Мапи или фотографии од локален јавен простор
- По избор: модели на урбана опрема (на пр., клупи, жардиниери)
- Безбедносна опрема (ако е применливо): ракавици, очила

**6. Времетраење:** Од 1,5 до 2 часа, во зависност од сложеноста на активностите и динамиката на групата.

**7. Главни активности:**

Изработката на места вклучува трансформирање на јавниот простор во живописни и инклузивни места во заедницата кои ги одразуваат потребите и аспирациите на локалните жители. Оваа активност има за цел да ги поттикне децата да се гледаат себеси како активни учесници во обликувањето на нивната локална средина, поттикнувајќи чувство на гордост и одговорност за нивниот простор во заедницата преку креативно изразување и заедничко решавање на проблеми.

- Вовед во создавање места:

o Започнете со кратко објаснување или видео за тоа што претставува создавањето место и зошто е тоа важно за заедниците.

- Локално истражување на јавен простор:

o Покажете мапи или фотографии од локален јавен простор каде што може да се направи место.

o Разговарајте за тековните карактеристики, потенцијалните подобрувања и потребите на заедницата.

- Сесија за дизајн и планирање:

o Поделете ги децата во мали групи и доделете ѝ на секоја група специфичен јавен простор за редизајнирање или подобрување.

o Обезбедете материјали за цртање и поттикнете ги децата да размислуваат и да ги скицираат своите идеи за подобрување на просторот.

o Нагласете ги инклузивноста, пристапноста и одржливоста во нивните дизајни.

- Презентација и повратни информации:

o Секоја група ги презентира своите идеи за дизајн пред другите учесници.

o Фасилитирајте конструктивна повратна информација и дискусија за секој предлог истакнувајќи ги силните страни и сферите за подобрување.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

- Градење консензус:

o Охрабрете ги групите да ги спојат идеите и да развијат дизајн на консензус кој ги вклучува најдобрите елементи од секој предлог.

- Колаборативна изработка на модели (по избор):

o Доколку времето тоа го дозволува и постои достапен материјал, децата можат да креираат мали модели или прототипови на нивниот редизајниран јавен простор.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Групна рефлексија:

o Водете дискусија за тоа што децата научиле за создавањето места, креативноста и ангажманот во заедницата.

o Прегледајте дали образовните цели се постигнати и дискутирајте за новите сознанија.

**10. Инспирација:**

- „Хај лајн“ во Њујорк, кој ја трансформира напуштената железница во прекрасен урбан парк.
- Клупата Камден во Лондон, стилски, но функционален дизајн за јавна седење и одмор, кој ги одвраќа луѓето од антисоцијално однесување.

Co-funded by the European Union

# 3.24 Работилница за истражување урбана природа и креирање места

**1. Вид активност:** Работилница за истражување на отворен простор и креирање места

**2. Тема:** Разбирање на урбаната природа и партиципативно создавање места

**3. Образовни цели:**

- Идентификување на елементите на урбаната природа и разбирање на нивната улога во екосистемот.
- Запознавање со принципите на создавање места и одржлив урбан развој.
- Развивање вештини за набљудување, креативност и тимска работа.
- Поттикнување на чувството на сопственост и одговорност кон урбаната средина.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 14 години

**5. Потребни материјали:**

- Дневник или тетратка за набљудување
- Моливи или пенкала
- Маркери или боички
- Камери или паметни телефони (по избор)
- Семиња или садници за садење
- Мали градинарски алатки (по избор)
- Ликовен материјал (боја, четки, креда итн.)
- Награди или сертификати за учество (по избор)

**6. Времетраење:** Од 2 до 2,5 часа.

**7. Главни активности:**

Инспирирани од идејата дека децата можат да бидат моќни носители на промените, оваа активност произлегува од принципите на партиципативно урбанистичко планирање и едукација за животната средина. Иницијативите за создавање места низ светот покажуваат дека дури и малите проекти предводени од заедницата можат да ги трансформираат урбаните простори правејќи ги поживи и одржливи. Оваа активност претставува комбинација од истражување на урбаната природа со креативно создавање места, притоа поттикнувајќи го чувство на сопственост, грижа за животната средина и ангажманот на децата во заедницата.

Вовед

- Соберете ги децата и објаснете им ја целта на работилницата: Истражување на урбаната природа и придонес во создавањето места.
- Дискутирајте за важноста на урбаните зелени површини и како тие го подобруваат квалитетот на животот во градовите.
- Истражување на природата
- Однесете ги децата на прошетка низ локалната околина охрабрувајќи ги да ги набљудуваат и документираат елементите на урбана природа како што се дрвја, растенија, инсекти и птици.

- Кажете им на децата да ги користат своите дневници за да скицираат или пишуваат за она што го гледаат забележувајќи ги интересните карактеристики или интеракции.

Дискусија за создавање места

- Вратете се на централното место и дискутирајте за набљудувањата на децата. Поставувајте прашања како:
- Кои природни елементи ги забележавте?
- Како овие елементи ѝ користат на урбаната средина?
- Воведете го концептот на создавање место и како децата можат активно да учествуваат во подобрувањето на нивната околина.

Креативна активност за создавање места

- Поделете ги децата во мали групи и обезбедете им ликовен материјал.
- На секоја група определете по еден мал проект за подобрување на околината, како на пример:
- Садење семиња или садници на одредени места.
- Создавање мурали со тематика на природата на ѕидови или тротоари со помош на креда или боја.
- Дизајнирање и поставување едноставни знаци кои ја едуцираат заедницата за локалните растенија и животни.
- Обезбедете надзор и насоки од возрасни за безбедно и ефективно извршување на проектите.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Споделување и размислување

- Секоја група го претставува својот проект и го објаснува својот креативен процес и влијанието кое се надеваат дека ќе го постигнат.
- Дискусија за важноста на нивниот придонес и за тоа како малите акции можат да направат значајни позитивни промени во нивната заедница.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Прегледајте ги образовните цели и разговарајте за тоа како тие се постигнати:

- Кои нови аспекти на урбаната природа ги откривте?
- Како мислите дека вашиот проект придонесува кон заедницата?
- Што научивте за тимската работа и креативноста во создавањето места?

- Охрабрете ги децата да размислуваат за другите начини на кои можат и понатаму да ја подобруваат својата средина.

**10. Инспирација:**

- Проект за јавни простори (ППС) https://www.pps.org/
- Герила-градинарство https://www.guerrillagardening.org/
- Национална асоцијација за рекреација и паркови (NRPA): https://www.nrpa.org/

Co-funded by the European Union

# 3.25 Работилница за виртуелно истражување урбана природа и креирање места

**1. Вид активност:** Онлајн истражување и работилница за креирање места

**2. Тема:** Разбирање на урбаната природа и партиципативното креирање места

**3. Образовни цели:**

- Идентификување на елементите на урбаната природа и разбирање на нивната улога во екосистемот.
- Запознавање со принципите на создавање места и одржлив урбан развој.
- Развивање вештини за набљудување, креативност и тимска работа.
- Поттикнување на чувството на сопственост и одговорност кон нивната урбана средина.

**4. Целна група:** Ученици на возраст од 6 до 14 години

**5. Потребен материјал:**

- Компјутери или таблети со пристап до интернет
- Дневник или тетратка за набљудување
- Моливи или пенкала
- Маркери или боички
- Пристап до алатки за дигитално мапирање (на пр., Google Earth, Google Maps)
- Ликовен материјал за создавање дигитални или физички ликовни творби
- Софтвер за презентација (на пр., PowerPoint, Google Slides)
- Алатки за онлајн соработка (на пр., Zoom, Microsoft Teams, Google Meet)

**6. Времетраење:** Од 1,5 до 2 часа.

**7. Главни активности:**

Вклучувањето на децата во виртуелни активности за креирање места нуди креативен и интерактивен начин за нивно поврзување со урбаната средина, дури и кога физичката интеракција е ограничена. Овој пристап поттикнува длабоко разбирање кај учениците на нивната околина и ги охрабрува критички да размислуваат за тоа како можат да придонесат за подобрување на животот во нивната заедница. Таквото вклучување на децата им овозможува стекнување со основни вештини и самодоверба за активно учество во нивните заедници, што води кон поодржлив и попријатен урбан простор.

Вовед

- Соберете ги децата на виртуелна средба и објаснете ја целта на работилницата: истражување на урбаната средина и давање придонес во креирањето места во градот.
- Дискутирајте ја важноста на зелениот простор и како тој го подобрува квалитетот на животот во градовите.

Виртуелно истражување на природата

- Користете алатки за дигитално мапирање за да ги истражите локалните паркови, зелените површини и урбаните области со природа. Насочете ги децата да набљудуваат и идентификуваат елементи како што се дрвја, растенија, водни површини и животни.

- Кажете им да ги користат своите дневници за скицирање или пишување за она што го гледаат забележувајќи ги интересните карактеристики или интеракции.
- Охрабрете ги да користат Google Earth за да ги истражуваат познатите урбани паркови и зелени површини насекаде околу светот.

Дискусија за креирање места

- Вратете се повторно на виртуелниот состанок и разговарајте со децата за она што го набљудувале. Поставувајте прашања како:
- Кои природни елементи ги забележавте?
- Каква корист имаат овие елементи за урбаната средина?
- Воведете го концептот на креирање место и како децата можат активно да учествуваат во подобрувањето на нивната околина.

Активност за креативно создавање места

- Поделете ги децата во мали виртуелни групи и обезбедете им материјали за дигитални ликовни творби или поттикнете ги да создаваат физички ликовни творби кои подоцна ќе ги споделат.
- Определете за секоја група мал проект за подобрување на околината, како што се:
- Дизајнирање виртуелна градина во заедницата со помош на дигитални алатки.
- Создавање дигитални мурали или постери со тематика од природата.
- Дизајнирање едукативни знаци за локалните растенија и животни.
- Обезбедете надзор и насоки од возрасни за безбедно и ефективно извршување на проектите.

**8. Финални активности – донесување заклучок:**

Споделување и рефлексија

- Секоја група го претставува својот проект користејќи софтвер за презентација и го објаснува својот креативен процес и влијанието што се надеваат дека ќе го извршат.
- Дискусија за важноста на нивниот придонес и за тоа како малите акции можат да извршат значајни позитивни промени во нивната заедница.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

Разгледајте ги образовните цели и дискутирајте за тоа како се постигнати:

- Кои нови аспекти на урбаната природа ги откривте?
- Како мислите дека вашиот проект придонесува за заедницата?
- Што научивте за тимската работа и креативноста во креирањето места?

Охрабрете ги децата да размислуваат за другите начини на кои можат и понатаму да ја подобруваат животната средина, дури и виртуелно.

**10. Инспирација:**

Оваа алтернативна онлајн активност прави комбинација од виртуелно истражување на природата и креативно создавање места, притоа зацврстувајќи го чувството на сопственост, управувањето со животната средина и дејствувањето на децата во заедницата.

Co-funded by the European Union

# 3.26 Креирајте го вашиот град

**1. Вид активност:** Активност во училница и на отворен простор

**2. Тема:** Креирај го твојот Град на мирот: Во синергија со италијанскиот комитет на УНИЦЕФ, замислете и создајте училишта и градови по мерка на децата; креативно размислување, комуникациски вештини: планирање, креирање и споделување уметнички творби; спроведување акции со цел (пре)обликување на нашите градови и нашите заедници преку хуманите вредности на љубезност, граѓанска свест; интеракции со други соседни граѓани; проактивно граѓанство.

**3. Образовни цели:**

- Поттикнување на учениците да замислуваат, планираат и да реализираат активности за креирање пријатни и инклузивни училишта и градови;
- Поттикнување на едукаторите, семејствата и граѓаните да практикуваат и да применуваат активности при што ќе се слушне гласот на девојчињата, момчињата и тинејџерите и ќе се развие чувството за грижа за урбаната средина;
- Промовирање на универзалните вредности на братство/сестринство, единство и мир; стимулирање на протагонизмот кај учениците кон општеството и заедницата;
- Стимулирање и развивање способност за дизајнирање на просторот и времето по мерка на потребите и желбите на децата и тинејџерите;
- Промовирање и создавање поволни услови за градење локални образовни заедници и локални образовни мрежи.
- Промовирање проактивно граѓанство;
- Промовирање на хуманите вредности на добрина и љубов меѓу луѓето, активно учество во граѓанскиот и општествениот живот на нашиот град;
- Промовирање инклузија и чувство на припадност кај учениците од неевропските земји кон нашите заедници;
- Промовирање чувство на грижа и солидарност меѓу генерациите и заемна граѓанска поддршка кон нашите соседи.

**4. Целна група:** Ученици од 6 до 11 години

**5. Потребни материјали:**

- Бела хартија, моливи, боички, фломастери, лепило, ножички;
- Чисти, мазни ситни и покрупни камења, темперни бои, четки за боење, фиксатор за бои.

**6. Времетраење:** Од 4 до 8 часа; зависно од потребите за планирање и изведување на активноста.

**7. Главни активности:**

Инспиративни прашања: „Како можеме да го модифицираме нашиот внатрешен и надворешен простор за да ги поттикнеме нашите соседи, сограѓани и семејства секојдневно да практикуваат љубезност, хармонија, братство/сестринство, единството како основни ставови, стилови и состојби на умот кои можат да не доведат до постојан МИР?»

Голем број ситни и покрупни камења се пишуваат, бојат и украсуваат и потоа се распределуваат насекаде низ околината со цел креативно преобликување на карактеристиките на градот, со тоа што истите содржат силни пораки за мир.

Подготовка:

- Прелиминарни состаноци за планирање со сите тимови на наставници
- Како опција може да се искористи периодот пред Божиќ за граѓанска креативна мисија бидејќи тоа е единствен период од годината во кој секогаш постои моќен наплив на позитивни мисли, емоции, очекувања и добра волја.
- Општа дискусија за времето, просторот, содржините, педагошките идеи и методологијата на изградба на Град на мирот со камења за 2023 година. На секоја паралелка ѝ се доделуваат одредени улици, патеки или област од населбата.
- На секој ученик му се дава за домашна задача да побара, во својот двор или во блиската околина, со помош на родителите, бабите и дедовците, роднините или пријателите, да најде еден мазен, мал или поголем камен и убаво да го исчисти и да го донесе на училиште.

Реализација:

- Секој одделенски раководител соодветно ги запознава и им ја објаснува на учениците меѓународната улога на УНИЦЕФ за заштита на правата на децата, промоција на мирот во светот, тој/таа ги мотивира и охрабрува да се фокусираат на важноста од користење љубезни зборови, љубезна комуникација и ја потенцира важноста за споделување ставови, вредности и култура на мир во нашето училиште, нашите семејства и нашиот град.
- За време на часовите по мајчин јазик, географија, природни науки, граѓанско образование, ликовно образование се посветува време за размислување, креирање и пишување/цртање оригинална идеја, содржина, порака, сценарио, текст, цртеж или симбол посветен на братство/сестринство, хармонија, единство и мир.
- Во однос на содржината на пораките, посебен фокус се става на клучни зборови/вредности како: Благодарам, Добре дојдовте, Ве молам, Извинете, Жал ми е, Љубезност, Љубов, Единство, Светлина, Простување, Поддршка, Среќа, Соработка.
- Децата ја нанесуваат својата првична оригинална графичка, уметничка скица на одбраното камче со употреба на темпера, маркери или фломастери. Наставниците им помагаат на учениците во нанесувањето заштитен лак на каменот заради заштита од климатските влијанија.
- На учениците, исто така, им се укажува да се концентрираат на специфичностите на географските, топографските, морфолошките, архитектонските и човечките особености на околината. Со цел (повторно) креирање на нашите градови, за средба со нашите соседи, важно е да научиме да се движиме низ градот и да се ориентираме согласно основните насоки и кардинални точки.
- Учење на отворен простор 1: Креирањето на нашиот град, средбата и интеракцијата со нашите соседи бара ваков тип активност. Таа им овозможува на учениците да учат и да стекнуваат нови искуства преку движење, прошетка, истражување, комуникација и притоа сето тоа им причинува големо задоволство од самиот почеток, па сѐ до крајот.
- Учење на отворен простор 2: Секоја паралелка наизменично излегува надвор и прави прошетка низ определената област на населбата; учениците внимателно ги поставуваат украсените камења за мир на, или во близина на претходно определените локации: на ѕитчиња, дворни огради, паркиралишта, поштенски сандачиња, улични светилки, канти за отпадоци. На тој начин случајните минувачи, соседите, туристите ќе ги забележат, ќе ги прочитаат и можеби ќе си ги земат за дома.

**8. Завршни активности – донесување заклучок:**

Повратна информација. Во периодот по спроведувањето на активноста, различни луѓе ѕвонат на училишното ѕвонче за да им заблагодарат и да им честитаат на сите за оваа значајна иницијатива.

Co-funded by
the European Union

Оваа активност е уште еден показател за тоа дека училиштата можат да играат клучна улога во конципирањето, редизајнирањето, преобликувањето на нашиот јавен простор во заедницата и на нашите градови, како и во промовирањето на посвесен, проактивен, весел, позитивен и одговорен стил на живеење. Децата и училиштата можат да ги водат своите заедници со примери како овој.

**9. Рефлексија, преглед на целите:**

- Се води понатамошна дискусија со учениците со цел рефлексија, коментирање, оценување, стекнување на знаење, дефинирање на оваа добра практика и создавање портфолио на идеи за понатамошни слични акции и иницијативи.
- Активноста е документирана преку фотографии, кратки видеа и се споделува на социјалните медиуми на нашето училиште, Инстаграм и Фејсбук.

**10. Инспирација:**

Од антрополошка и духовна перспектива, според визијата за светот на американските Индијанци Лакота, камењата (Inian) се живи суштества со своја свест, своја енергија и способност да комуницираат, пренесуваат и посредуваат во универзумот. Лакота Индијанците ги нарекува камењата „нашите баби и дедовци"; кои живеат на нашата планета од памтивек, оти тие секогаш биле присутни овде и гледале и слушале за човечкиот живот. Тие ја чуваат меморијата и знаењето за животот на земјата. Со своето тивко, но свесно присуство, тие се способни да ги пренесат човечките молитви и искрените желби за мир на „Wakan Tanka" светата голема мистерија која создава живот насекаде.

Погледни пример:

George "Tink" Tinker, *The Stones Shall Cry out: Consciousness, Rocks, and Indians,* Wicazo Sa Review Vol. 19, No. 2, Colonization/Decolonization, I (Есен, 2004), pp. 105-125 (21 страна) Издадено од: University of Minnesota Press

https://www.jstor.org/stable/1409501

https://www.instagram.com/p/Cz4SaaIrHIm/?utm_source=ig_web_copy_link&img_index=1

Сликање на камен, камења на мирот: https://www.youtube.com/watch?v=i9I-QpLADzQ

Камења на љубезност: https://www.youtube.com/watch?v=zoWzwJoTLcY

На италијански: ttps://www.ravennatoday.it/cronaca/l-idea-dell-insegnante-per-pasqua-niente-compiti-ma-sassi-decorati-per-liberare-la-pace.html

https://www.unicef.org/emergencies/peacebuilding-social-cohesion

Центар за меѓународни прашања на Барселона; Градови за мир: https://www.cidob.org/en/publication/cities-peace

CPNN, Culture Of Peace News Network: https://cpnn-world.org/new/?p=14231

R. J. Huggett, *Ecosphere, Biosphere, or Gaia? What to Call the Global Ecosystem.* Global Ecology and Biogeography, Vol. 8, No. 6 (Nov., 1999), pp. 425-431 (7 страни); Издадено од: Wiley

-